.830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖБ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕД

СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 17 февруари 1978.

БЕЛГРАД

БРОЈ 8 ГОД. XXXIV

Цена на овој број е 20 динари. — Претплатата за 1978 година изнесува 550 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756

121.

Врз основа на член 62 став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ“, бр. 15/77) и член 129 став 4 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ“, бр. 15/77) врз основа на согласноста од надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет, донесува

УРЕДБА
ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ ВО СТРАНСТВО

I. Општи одредби

Член 1

Со оваа уредба се регулираат организацијата и начинот на работењето на организациите на здружен труд што изведуваат инвестициони работи во странство, условите под кои тие организации можат да изведуваат инвестициони работи во странство, како и условите и начинот на располагање со девизите и пресметувањето на трошоците на работењето во текот на изведувањето на инвестиционите работи во странство и утврдувањето на добивката од тие работи.

Член 2

Организациите на здружен труд и деловните заедници на организациите на здружен труд склучуваат договори за изведување инвестициони работи во странство на начинот пропишан со оваа уредба, ако ги исполнуваат условите пропишани со закон.

Одредбите на оваа уредба што се однесуваат на деловните заедници на организациите на здружен труд, сообразно се применуваат врз заедниците на здружен труд за меѓусебна планска и деловна соработка.

Член 3

Организациите на здружен труд што изведуваат инвестициони работи од член 62 став 1 на Законот за прометот на стоки и услуги со странство а се предмет на склучен договор за изведување инвестициони работи во странство, мораат да ги исполнуваат и критериумите за општата подобност за изведување инвестициони работи во странство (во натамошниот текст: општа подобност) од оваа уредба.

Член 4

Организациите на здружен труд што вршат работи на прометот на стоки и услуги со странство можат да се запишат во судскиот регистар за изведување инвестициони работи во странство ако, покрај условите пропишани со закон, склучиле самоуправна спогодба за изведување инвестициони работи со организациите на здружен труд што ги исполнуваат критериумите во поглед на општата подобност пропишана со оваа уредба и ако со таа самоуправна спогодба се овластени за склучување на договор за изведување инвестициони работи во странство.

Организацијата на здружен труд што врши работи на прометот на стоки и услуги со странство може да склучи договори за изведување инвестициони работи во странство само за работи што ги изведуваат организациите на здружен труд од член 3 на оваа уредба врз основа на претходно склучена самоуправна спогодба.

Член 5

Деловните заедници на организациите на здружен труд можат да се запишат во судскиот регистар за изведување инвестициони работи во странство, ако со самоуправната спогодба за здружување во деловна заедница е определено дека целта на здружувањето е заедничко истапување во странство за изведување инвестициони работи.

Деловната заедница на организации на здружен труд може да склучува договори за изведување инвестициони работи во странство само за работи за кои е овластена од своите членови што ги исполнуваат условите од член 3 на оваа уредба.

Член 6

Организацијата на здружен труд од член 3 на оваа уредба е подобна за изведување определен вид инвестициони работи во странство, самостојно или во кооперација, ако ги исполнува следните услови:

1) ако е запишана во регистарот кај надлежниот суд за изведување на тие инвестициони работи во странство;

2) ако располага со соодветни стручни кадри потребни за успешно изведување инвестициони работи во странство (инженери, техничари, правници, економисти, висококвалификувани и квалификувани работници);

3) ако располага со потребни средства за работа (механизација, алат и др.);

4) ако располага со потребни деловни средства;

5) ако има референци за успешно и квалитетно учество во изградбата на значајни инвестициони објекти во Југославија или во странство од дејноста што има намера да ја врши во странство;

6) ако остварува позитивни деловни резултати.

Одредбата на точка 6 став 1 од овој член не се однесува на изработката на студиите и експертизите од член 62 став 1 точка 1 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство.

Организацијата на здружен труд докажува дека ги исполнила условите од став 1 на овој член, и тоа:

1) условите од точка 1 — со решението за запишувањето во судскиот регистар;

2) условите од точка 2 — со податоците за состојбата на кадрите во месецот што му претходи на месецот во кој е поднесено барањето;

3) условите од точ. 3, 4 и 6 — со податоците од завршните сметки за последните три години;

4) условите од точка 5 — со референци.

Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, по претходно прибавено мислење од Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, од надлежниот републички и покраински орган и од Стопанската комора на Југославија, може да донесе поблиски прописи за спроведувањето на одредбите од овој член.

Член 7

Организацијата на здружен труд што ги исполнува условите од член 6 на оваа уредба, се запишува во регистарот за општата подобност.

Организацијата на здружен труд може да ги изведува само оние инвестициони работи за кои е запишана во регистарот за општата подобност.

Регистарот за општата подобност го води Сојузниот комитет за енергетика и индустрија.

Член 8

Кон барањето за запишување во регистарот за општата подобност се поднесуваат доказите од член 6 на оваа одлука.

Сојузниот комитет за енергетика и индустрија ќе изврши запишување во регистарот за општата подобност, ако се исполнети условите од оваа уредба.

Сојузниот комитет за енергетика и индустрија ќе донесе решение за запишување во регистарот за општата подобност во рок од 30 дена од денот на приемот на уредно поднесеното барање.

За уписот во регистарот за општата подобност, како и за сите промени извршени во тој регистар, Сојузниот комитет за енергетика и индустрија ќе достави решение до подносителот на барањето, до Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, до Стопанската комора на Југославија, до стопанската комора на републиката, односно до стопанската комора на автономната покраина и до народната банка на републиката, односно до народната банка на автономната покраина.

Против решението донесено по барањето за упис во регистарот за општата подобност може да се изјави жалба до Сојузниот извршен совет во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението.

Во регистарот за општата подобност се запишуваат: називот и седиштето на организацијата на здружен труд и видовите на инвестиционите работи што организацијата на здружен труд може да ги изведува во странство.

Документацијата што се прилага кон барањето за запишување во регистарот за општата подобност претставува деловна тајна.

Сите промени во врска со општата подобност, организацијата на здружен труд е должна да му ги пријави на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија во рок од 60 дена од денот на настанатата промена заради упис на промените во регистарот за општата подобност.

Претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија ги пропишува, по потреба, условите за примена на одредбите од овој член.

Член 9

Одредбите од оваа уредба во поглед на општата подобност се однесуваат како на организациите на здружен труд што се потписнички на договорот за изведување инвестициони работи во странство со странско лице така и на сите други учесници во изведувањето на тие работи.

Организацијата на здружен труд односно деловната заедница на организациите на здружен труд што склучува договор со странско лице се смета како носител на работата по договорот за изведување инвестициони работи во странство (во натамошниот текст: носител на работата).

Под кооперант, во смисла на оваа уредба, се подразбира организацијата на здружен труд што здружила труд и средства со носителот на работата.

Под кооперант, во смисла на оваа уредба, се подразбира и организацијата на здружен труд што изведува инвестициони работи во странство по основ на договор за соработка за изведување инвестициони работи во странство со производствената организација на здружен труд што е носител на работата.

Ако носител на работата е деловната заедница на организациите на здружен труд, под кооперант се подразбира членката на таа деловна заедница што учествува во изведувањето на инвестиционите работи во странство.

Под подизведувач, во смисла на оваа уредба се подразбира организацијата на здружен труд што со кооперантот здружила труд и средства или со него има склучен договор за соработка за изведување инвестициони работи во странство.

Под странски кооперант, во смисла на оваа уредба, се подразбира странската фирма ангажирана од страна на носителот на работата за извршување на дел од договорените работи.

Носителот на работата, кооперантите, странските кооперанти и подизведувачите се сметаат како учесници во работата во смисла на оваа уредба.

II. Пријава на работата и склучување на договор

Член 10

Носителот на работата е должен пред преземањето на претходни и подготвителни дејствија за склучување на договор за изведување инвестициони работи во странство, да поднесе до Стопанската комора на Југославија пријава за намерата да склучи договор (во натамошниот текст: пријава на обработката на работата).

Под претходни и подготвителни дејствија од став 1 на овој член се подразбираат: учеството на јавно наддавање, поднесувањето на понуда до странскиот порачувач и преземањето на други дејствија со кои за организацијата на здружен труд се создаваат обврски спрема странското лице.

Под странско лице од став 2 на овој член се подразбираат: странскиот порачувач на работите, претпријатието во странство чиј основач е домашна организација на здружен труд и мешовитото претпријатие во странство во кое домашна организација на здружен труд вложила средства.

Член 11

Пријавата на обработката на работата содржи:

1) фирма, односно назив и седиште на организацијата на здружен труд што ја поднесува таа пријава;

2) начин на изведување на инвестиционите работи (дали работите се изведуваат преку работна единица или не):

3) назив и адреса на странскиот инвеститор и назив и адреса на странскиот порачувач на работата;

4) назив и локација на објектот врз кој ќе се изведуваат работите;

5) вид на работите и број на објектите што се отстапуваат;

6) динамика на изведувањето на работите (почеток и завршување);

7) вредност на работите (ориентациона вкупна вредност на работите во валута во која се договара работата);

8) начин на отстапување на работите (лицитација, присобирање на понуди, непосредна погодба и др.) и датум на објавувањето на лицитацијата или приемот на поканата од страна на порачувачот;

9) назив и адреса на сите домашни учесници во работата, како и ориентациона вредност на работата

што им се отстапува на странските кооперанти ако тие се планираат;

10) датум на поднесувањето на понудата.

Податоците од точ. 5 и 6 став 1 од овој член се даваат врз основа на спогодбена документација, ако тие податоци се познати.

Кон пријавата на обработката на работата се прилагаат:

1) препис на огласот за објавувањето на лицитацијата, покана и др.;

2) изјава на подносителот на пријавата на обработката на работата дека во рамките на можноста што ги даваат условите на странскиот порачувач за отстапување на работата (тендерска документација и др.) ќе обезбеди максимално користење на домашните капацитети за изведување на сите видови работи што се предмет на отстапувањето, испорака на домашна технологија, опрема и материјали што се произведуваат во Југославија, ако се конкурентни на светскиот пазар по договорените услови (цена, квалитет, динамика на испораката, услови и трошоци на транспортот и други својства и карактеристики);

3) изјава од подносителот на пријавата на обработката на работата дека обезбедил кооперанти, ако се тие потребни за успешно извршување на работата.

Пријавата на обработката на работата и податоците што ги содржи таа претставуваат деловна тајна.

Член 12

Носителот на работата е должен да ја поднесе пријавата на обработката на работата до Стопанската комора на Југославија во рок од 30 дена од денот на објавувањето на лицитацијата, односно во рок од 10 дена од денот на приемот на поканата за поднесување на понуда или склучување договор преку непосредна спогодба.

Член 13

Стопанската комора на Југославија во рок од осум дена од денот на поднесувањето на пријавата на обрабатката на работата, ќе издаде потврда дека носителот на работата ја поднел таа пријава.

Потврдата за поднесената пријава на обработката на работата ги содржи сите податоци од пријавата на обработката на работата.

Стопанската комора на Југославија ќе издаде потврда за пријавата на обработката на работата: ако пријавата на обработката на работата ја поднел носителот на работата што е запишан во судскиот регистар за изведување инвестициони работи во странство, ако таа пријава е поднесена во рокот од член 12 на оваа уредба и ако во неа се содржани сите податоци и прилози од член 11 на оваа уредба.

Ако Стопанската комора на Југославија прими пријава на обработката на работата за која веќе издала потврда во смисла на став 1 од овој член, ќе го извести подносителот на новата пријава дека не може да издаде нова потврда.

Ако Стопанската комора на Југославија не издаде потврда за пријавата на обработката на работата во рокот од став 1 на овој член се смета дека носителот на работата добил таква потврда.

Носителот на работата не може без потврдата од став 1 на овој член да започне претходни и подготвителни дејствија за склучување на договор ниту да склучи договор за изведување инвестициони работи во странство.

Во случајот од став 5 на овој член потврдата за пријавата на обработката на работата ја заменува доказот дека на Стопанската комора на Југославија ѝ е предадена пријава за обработката на работата.

Член 14

Ако до Стопанската комора на Југославија се поднесени две или повеќе пријави на обработката на работата за иста работа, Стопанската комора на Југославија ќе спроведе постапка на договарање помеѓу подносителите на пријавите.

Начинот и постапката на договарањето од став 1 на овој член ќе ги утврдат со самоуправна спогодба организациите на здружен труд — изведувачи на инвестициони работи во странство.

До донесувањето на самоуправната спогодба од став 2 на овој член, постапката на договарањето ја спроведува Стопанската комора на Југославија.

Член 15

Организаците на здружен труд можат да изведуваат инвестициони работи во странство што се однесуваат на изградбата на капацитети за производство на вооружување и воена опрема, како и на изградба на воените објекти, само врз основа на одобрение од Сојузниот секретаријат за народна одбрана.

Одредбите од оваа уредба не се однесуваат на работите од став 1 на овој член.

Сојузниот секретаријат за народна одбрана ќе донесе поблиски прописи за вршењето на работите од став 1 на овој член.

Член 16

Во постапката за поднесување на пријава на обработката на работата и издавање на потврдата за пријавата на работата кога пријава поднесува деловна заедница на организациите на здружен труд или организација на здружен труд што врши работи на надворешнотрговскиот промет што ги исполнуваат условите од оваа уредба, Стопанската комора на Југославија сообразно ќе ги применува одредбите од оваа уредба како кога пријавата ја поднесува организацијата на здружен труд што ги исполнува условите за општата подобност.

Кон пријавата на обработката на работата од став 1 на овој член организацијата на здружен труд што врши работи на надворешнотрговскиот промет поднесува и самоуправна спогодба или договор склучен со организациите на здружен труд што ги исполнуваат условите за општата подобност, со кои е предвидено заедничко поднесување на ризиците и учество во заеднички остварениот приход од таа работа.

Ако пријавата на обработката на работата од став 1 на овој член ја поднесува деловна заедница на организациите на здружен труд таа поднесува и договор склучен со организациите на здружен труд, што ги исполнуваат условите за општата подобност, до своите членки, учесници во работата.

III. Евидентирање и следење на извршувањето на договор за изведување инвестициони работи во странство

Член 17

Заради водење евиденција за склучените договори за изведување инвестициони работи во странство и заради следење на извршување на тие договори, склучените договори за изведување инвестициони работи во странство се запишуваат во посебниот регистар на договорите за изведување инвестициони работи во странство, што ги води Сојузниот комитет за енергетика и индустрија.

Член 18

Носителот на работата е должен склучениот договор за изведување инвестициони работи во странство заедно со анексите и договорените услови да го поднесе до Сојузниот комитет за енергетика и индустрија во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на договорот, заради упис во регистарот од член 17 на оваа уредба.

Кон барањето за упис во регистарот, покрај договорот, се прилага и потврда од Стопанската комора на Југославија од член 13 на оваа уредба.

Сојузниот комитет за енергетика и индустрија нема да изврши запишување на договор во регистарот од член 17 на оваа уредба, кога не е постапено во согласност со одредбите од оваа уредба.

Член 19

Во регистарот од член 17 на оваа уредба се запишуваат:

1) фирмата, односно називот и седиштето на содоговарачите;

2) предметот на договорот;

3) фирмата, односно називот на сите учесници во работата (посебно на странските кооперанти ако ги има);

4) вкупната вредност на договорените работи и вредностите на работите на одделни учесници во работата искажани во договорената валута;

5) датумот и местото на склучувањето на договорот.

Договорот и документацијата што се прилага кон договорот се службена тајна.

Носителот на работата е должен во своето барање за запишување на договорот во регистарот да ги внесе и податоците од став 1 на овој член.

Решението за упис во регистарот Сојузниот комитет за енергетика и индустрија ќе го донесе во рок од 30 дена од денот на уредно поднесеното барање. Решението се доставува до подносителот на барањето и до народната банка на републиката, односно до народната банка на автономната покраина.

Член 20

Ако во текот на изведувањето на инвестиционите работи во странство или по завршувањето на тие работи се склучи анекс кон договорот за изведување на тие работи, организацијата на здружен труд е должна и таквиот анекс да го поднесе заради упис во регистарот од член 17 на оваа уредба.

Ако со анексот од став 1 на овој член битно се менуваат елементите на договорот (објектот на кој се изведуваат работите или се регулираат обврските врз основа на рамковен договор, при што со анексот се определува предметот, цената и рокот), таквиот анекс се смета како нов договор во смисла на оваа уредба.

Ако со анексот од став 1 на овој член само поблиску се определуваат условите за извршување на договорените работи, таквиот анекс само се поднесува до Сојузниот комитет за енергетика и индустрија заради евидентирање.

Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, во спогодба со Сојузниот секретаријат за финансии, со Народната банка на Југославија и со надлежните органи на републиките и автономните покраини може да донесе поблиски прописи за спроведување на одредбите од овој член.

Член 21

Ако утврди дека организацијата на здружен труд престанала да ги исполнува условите за општата подобност за изведување инвестициони работи во странство, Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, по претходно прибавено мислење од Стопанската комора на Југославија и од координациониот одбор при надлежниот републички, односно покраински орган, ќе донесе решение за бришење на таа организација од регистарот за општата подобност и за тоа ќе го извести надлежниот координационен одбор и Стопанската комора на Југославија.

Во случај на донесување на решението од став 1 на овој член, организацијата на здружен труд може да ги заврши работите по склучените договори, но не може да склучува нови договори за изведување инвестициони работи во странство.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба до Сојузниот извршен совет во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението.

Член 22

Одредбите на чл. 73 до 76 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство што се однесуваат на соработката на организациите на здружен труд во вршењето на работите на надворешнотрговскиот промет, се применуваат и врз изведувањето на инвестициони работи во странство.

IV. Располагање со девизите во текот на изведувањето инвестициони работи во странство, пресметување на трошоците на работењето и утврдување на добивката

Член 23

Организациите на здружен труд што изведуваат инвестициони работи во странство можат за време на траењето на тие работи, а за потребите на изведувањето на тие работи да располагаат со девизите што потекуваат:

1) од аванси примени врз основа на договор склучен со странскиот содоговарач;

2) од износи наплатени во текот на работите од странските содоговарачи;

3) од средства на кредити;

4) од девизни средства со кои располага во смисла на член 122 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство.

Девизите од став 1 на овој член што се водат на посебната сметка кај овластената банка и кај странската банка, организацијата на здружен труд може да ги употреби и за привремено финансирање на други работи во странство, но само до завршувањето на работите по склучениот договор за чија реализација тие средства се прибавени.

Член 24

Девизите од член 23 на оваа уредба се држат на девизната сметка кај овластената банка за секоја работна единица посебно, односно врз основа на одобрение од народната банка на републиката, односно од народната банка на автономната покраина — на сметката кај странската банка, а под условите што ќе ги определи Народната банка на Југославија.

Ако организацијата на здружен труд девизите од член 23 на оваа уредба ги здржи на една сметка за повеќе склучени договори за изведување инвестициони работи во странство, должна е во своето книговодство девизите да ги води посебно за секој склучен договор.

Ако организацијата на здружен труд склучила договор со странски лица за сметка на една или повеќе организации на здружен труд — изведувачи на работите, располагањето со девизите од член 23 на оваа уредба се врши врз основа на самоуправна спогодба склучена помеѓу тие организации. Самоуправната спогодба се доставува до народната банка на републиката, односно до народната банка на автономната покраина и до овластените банки кај кои се водат девизните сметки на потписничките на самоуправната спогодба.

Ако инвестиционите работи се изведуваат во странство од страна на една или повеќе основни организации на здружен труд во состав на работна или сложена организација на здружен труд или повеќе работни или сложени организации на здружен труд, располагањето со девизите што се остваруваат со изведувањето на тие работи, се регулира со самоуправната спогодба, што се доставува до

народната банка на републиката, односно до народната банка на автономната покраина и до овластените банки кај кои се водат девизните сметки на потписничките на самоуправната спогодба.

Член 25

Со девизите од член 23 на оваа уредба работната единица ги плаќа купените стоки и извршените услуги во Југославија и странство, како и делот од динарските трошоци сторени во Југославија за нејзина сметка.

Организацијата на здружен труд е должна до народната банка на републиката, односно до народната банка на автономната покраина, до која е поднесена пријавата за склучениот договор, да поднесува шестомесечни прегледи за фактурираните работи, односно за извршените ситуации и други трошоци платени за сметка на работната единица во Југославија и во странство, и за извршените наплати во изминатиот период, со назначување на бројот, датумот, износот на фактурата и основот на кој плаќањето, односно наплатата се однесува. Прегледот се составува во договорената или домицилната валута, а се доставува до народната банка во рок од 60 дена од денот на истекот на извештајниот период (јануари — јуни, јули — декември), и тоа само за работите што траат подолго од една година, а за работите со пократок рок на траење тие прегледи се поднесуваат кон конечната пресметка на работите.

Член 26

Организацијата на здружен труд е должна сообразно со Законот за книговодството да ги обезбеди податоците и исправите од кои ќе може да се утврди нејзиното материјално финансиско работење во странство за секој склучен договор за изведување на инвестициони работи во странство и финансиски резултат по секој склучен договор, во согласност со оваа уредба и со други прописи.

Член 27

Работната единица во странство е должна да пресметува амортизација на основните средства што ги добила на употреба од матичната организација на здружен труд. Средствата на пресметаната амортизација работната единица може да ги користи за набавка на нова опрема потребна за изведување на инвестициони работи во странство или да ги дознači на посебна девизна сметка на матичната организација на здружен труд кај овластената банка. Матичната организација на здружен труд може тие средства да ги користи во целоста за намените предвидени во член 122 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство.

За набавката на основните средства со кои се изведуваат инвестициони работи во странство можат да се користат, покрај девизите од став 1 на овој член, и девизите од член 23 на оваа уредба. И за тие основни средства работната единица е должна да пресметува амортизација и да врши книжење во своето книговодство.

Како средства на амортизацијата се сметаат и девизите остварени со продажба на основни средства во странство.

Член 28

Организацијата на здружен труд што изведува инвестициони работи во странство е должна да утвиди, врз основа на податоците од книговодството што го води за секој склучен договор за изведување инвестициони работи во странство, годишен финансиски резултат по секој склучен договор.

Годишниот финансиски резултат се утврдува на Образецот ФР-Финансиски резултат на инвестиционите работи во странство за периодот од ——— до ——— 197— година, што е отпечатен кон оваа уредба и е нејзин составен дел.

Кон финансискиот резултат организацијата на здружен труд поднесува и извештај за извршените инвестициони работи во странство, што претставува образложение на поднесената пресметка.

Организацијата на здружен труд што поднела пријава за склучен договор доставува до надлежната народна банка на републиката, односно народна банка на автономна покраина, годишен финансиски резултат со извештај во три примероци, во рок од 30 дена од денот на истекот на роковите утврдени со Законот за книговодството. Годишниот финансиски резултат заверен од народната банка организацијата на здружен труд го поднесува до својата овластена банка, кај која се води девизната сметка, и дава налог за пренос 70% од утврдената добивка, во корист на својата редовна девизна сметка, до конечната пресметка.

Организацијата на здружен труд може по утврдениот финансиски резултат од став 1 на овој член да користи до 70% од износите на искажаната добивка во согласност со член 67 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство.

Ако има намера да го користи правото од став 5 на овој член, организацијата на здружен труд мора да го утврди и периодичниот финансиски резултат, во кој случај може да користи до 50% од износот на искажаната добивка. Периодичната пресметка се составува на образецот предвиден во став 2 на овој член и се поднесува во рокот предвиден во став 4 од овој член.

Податоците за пресметката од став 1 на овој член се искажуваат во валутата на домицилната земја, односно во валутата во која е договорено плаќањето, и во динари. Пресметувањето во динари се врши според среднот дневен курс важечки на денот на истекот на периодот за кој се составува пресметката. За валутите што не се содржани во курсната листа, Народната банка на Југославија мора да ги извести народните банки на републиките, односно народните банки на автономните покраини за важечкиот курс на денот на истекот на периодот за кој се составува пресметката.

Ако во изведувањето на инвестициони работи учествуваат повеќе организации на здружен труд како кооперанти и подизведувачи на работи, тие организации на здружен труд со самоуправна спогодба утврдуваат дали ќе се поднесе заедничка пресметка од став 2 на овој член или секоја организација на здружен труд ќе поднесе своја пресметка. Ако секоја организација на здружен труд поднесува своја пресметка, тие пресметки се поднесуваат до народната банка кај која е поднесена пријавата за склучен договор за изведување инвестициони работи во странство.

Член 29

По завршувањето на работите во странство, организацијата на здружен труд е должна во рок од 90 дена од денот на завршувањето на работите да изработи конечна пресметка и да ја достави до надлежниот орган на земјата во која се изведуваат работите, ако според прописите на таа земја конечната пресметка подлежи на одобрение.

Организацијата на здружен труд е должна по завршувањето на инвестиционите работи во странство, да изработи конечна пресметка на работите што треба да ја опфати целокупната актива и пасива на работната единица без оглед дали девизните средства се наоѓаат во Југославија или во странство, и истовремено да го прикаже финансискиот резултат на тие работи.

Конечна пресметка на работите се составува на образецот од член 28 на оваа уредба и се доставува до надлежната народна банка на републиката, односно до народната банка на автономната покраина во 3 примероци во рок од 90 дена од денот на

завршувањето на работите, со извештај што се изработува на начинот предвиден за годишната пресметка на работите. Кон конечната пресметка на работите организацијата на здружен труд е должна да ја приложи одлуката на органот на управувањето за прифаќање на таа пресметка.

Одредбите на член 28 став 8 од оваа уредба соодветно се применуваат и на поднесувањето на конечната пресметка на работите.

Член 30

Под ден на завршување на работите во странство се подразбира датумот кога надлежниот (финансиски или даночен) орган на земјата во која работите се изведуваат ја прифатил конечната пресметка на работите што се докажува со решението на надлежниот орган во заверен превод.

Ако во рок од 90 дена од денот на извршувањето на конечната пресметка со инвеститорот и приемот на работите не се добие потврда од надлежниот орган на земјата во која се изведуваат работите, организацијата на здружен труд што ги изведува инвестиционите работи може да поднесе конечна пресметка под услов кон Образецот ФР да приложи изјава потпишана од директорот на организацијата и од раководителот на книговодството дека претходно е создадена обврска во посебно книговодство за плаќање на проценетиот износ на данок, а кој ќе остане резервиран на сметката на работната единица заради намирување.

Ако во земјата во која работите се изведуваат не постои обврска за одаочување на инвестиционите работи, организацијата на здружен труд е должна кон Образецот ФР да приложи изјава, заверена од одговорните раководители, дека е во прашање таква земја .Како датум на завршувањето на работите во тој случај треба да се смета денот на прифаќањето на конечната пресметка за извршените работи од страна на инвеститорот.

Девизните средства што се наоѓаат на сметката на работната единица во странство и другите средства организацијата на здружен труд е должна да ги внесе во Југославија во рок од 90 дена од денот на завршувањето на работите. По исклучок, ако е во прашање изведување инвестициони работи на кредит, тој рок треба да се смета од денот на втасаноста на ануитетите согласно со ануитетниот план од склучениот кредитен договор.

Ако со инвеститорот се договорени гарантни рокови и ако соодветните износи се задржани од страна на инвеститорот како покритие за гаранцијата на исправноста на извршените работи, организацијата на здружен труд е должна тие износи да ги внесе во Југославија во рок од 90 дена од денот на истекот на договорениот гарантен рок.

Член 31

Народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина заверените годишни и конечни пресметки и извештаите од чл. 28 и 29 на оваа уредба ги доставува до Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, најдоцна до 1 јуни тековната година.

Ако договорот за изведување инвестициони работи во странство се раскине, народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина го известува Сојузниот комитет за енергетика и индустрија за тоа раскинување во рок од 30 дена од денот на регистрирањето на раскинувањето на договорт и при тоа ја доставува пресметка од став 1 на овој член.

Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, во спогодба со Сојузниот секретаријат за финансии и со Народната банка на Југославија, може да донесе поблиски прописи за спроведувањето на одредбите од овој член.

Член 32

Народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина ќе следи дали организациите на здружен труд вршат наплата на своите побарувања според одредбите на чл. 29 и 30 од оваа уредба и за тоа ќе го известуваат Сојузниот комитет за енергетика и индустрија.

Член 33

Девизниот прилив што работната единица ќе го оствари со извршување на помал обем на работи или други услуги на трети лица во странство, заради користење на своите капацитети, независно од работите што ги изведува во странство по склучениот договор како и девизниот прилив остварен на име камати на депонирани (орочени или по видување) средства во странска банка, претставуваат приход на работната единица.

Обемот на работите и услугите од став 1 на овој член не може да премине 25% од вредноста на склучениот договор.

Член 34

По исклучок од одредбите на оваа уредба, организацијата на здружен труд што во странство врши инвестициони работи во вид на истражувачки работи (геолошки, рударски, хидротехнички и сл.) од свое име и за својата сметка, може за потребите на основната организација на здружен труд или нејзин дел во странство, што ги изведува тие работи, да врши услуги со истовремено нивно плаќање, како и да врши по потреба, други плаќања. Тие издатоци, како и соодветната амортизација на основните средства користени на овие работи, организацијата на здружен труд е должна посебно да ги искажува во своето книговодство како трошоци на овие работи.

Ако по завршувањето на работите од став 1 на овој член организацијата на здружен труд пристапи кон експлоатација на природно богатство, средствата што ги вложила во истражувачките работи ќе се сметаат како нејзин влог во девизи во работењето на странското претпријатие што ќе врши експлоатација. Во случај на отстапување на правата на експлоатација на домашна организација или на странска фирма, организацијата на здружен труд е должна така остварените девизи да ги внесе во Југославија и да ги пресмета во смисла на оваа уредба.

V. Повраток на опрема и резервни делови во Југославија

Член 35

По завршувањето на работите, односно по престанувањето на употребата на опремата од член 27 став 2 на оваа уредба, организацијата на здружен труд може таа опрема и резервните делови за таа опрема да ги увезе во Југославија, без оглед на режимот на увозот на односната опрема.

Увезената опрема и резервните делови во неотпишана вредност се внесуваат во конечната пресметка на работите.

Организацијата на здружен труд е должна при увозот на опремата и резервните делови во Југославија, покрај доказот за купувањето (договор, фактури и налози за плаќање), да поднесе и одлука на органот на управувањето за набавка на опремата за потребите на изведувањето на работите од став 1 на овој член, како и изјава од органот на управување дека опремата е користена во странство за изведување инвестициони работи, односно дека резервните делови се неопходни за одржувањето на таа опрема.

Ако организацијата на здружен труд има намера опремата од став 1 на овој член да ја задржи во

странство за изведување инвестициони работи по друг договор, должна е кон конечната пресметка да достави согласна одлука од органот на управување и доказ за купувањето на таа опрема.

VI. Казнени одредби

Член 36

Со парична казна од 30.000 до 1,000.000 динари ќе се казни за стопански престап организацијата на здружен труд:

1) ако изведува инвестициони работи во странство, а за изведување на тие работи не е запишана во судскиот регистар кај надлежниот суд и ако, во смисла на оваа уредба, не е подобна за вршење на тие работи (член 2);

2) ако врши претходни и подготвителни дејствија во врска со склучување договор за изведување инвестициони работи во странство а не е запишана во регистарот за општата подобност и судскиот регистар кај надлежниот суд за изведување на тие работи во странство (член 10 став 2);

3) ако пред преземањето на претходните и подготвителните дејствија за склучување на договор за изведување на инвестициони работи во странство не поднесе до Стопанската комора на Југославија пријава на обработката на работата (член 10);

4) ако во пријавата на обработката на работата (член 11) наведе неточни и неистинити податоци;

5) ако без потврда од Стопанската комора на Југославија почне претходни и подготвителни дејствија за склучување на договор за изведување инвестициони работи во странство, или склучи таков договор (член 13);

6) ако изведува инвестициони работи во странство што се однесуваат на изградбата на капацитети на вооружување, воена опрема и воени објекти, без одобрение од Сојузниот секретаријат за народна одбрана (член 15);

7) ако изведува инвестициони работи во странство иако Сојузниот комитет за енергетика и индустрија донел решение за бришење на таа организација од регистарот за општата подобност (член 21).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 2.000 до 20.000 динари и одговорното лице во организацијата на здружен труд.

Член 37

Со парична казна од 30.000 до 1,000.000 динари ќе се казни за стопански престап:

1) организацијата на здружен труд што врши работи на прометот на стоки и услуги со странство ако случи договор за изведување инвестициони работи во странство а нема самоуправна спогодба со подобни производствени организации на здружен труд (член 4);

2) деловната заедница на организациите на здружен труд ако склучи договор за изведување на инвестициони работи во странство а ја нема самоуправната спогодба од член 5 став 1 на оваа уредба и ако не се исполнети условите за општата подобност за организациите што изведуваат работи по тој договор (член 5 став 2).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 2.000 до 20.000 динари и одговорното лице во организацијата на здружен труд или на деловната заедница на организации на здружен труд.

Член 38

Со парична казна од 20.000 до 50.000 динари ќе се казни за стопански престап организација на здружен труд или деловна заедница на организации на здружен труд:

1) ако во пропишаниот рок не поднесе до Сојузниот комитет за енергетика и индустрија склучен договор за изведување на инвестициони работи во странство (член 18) или анекси на тој договор (член 20);

2) ако во пропишаниот рок не пријави промени во врска со подобноста на организацијата на здружен труд (член 8 став 8);

3) ако не ги пријави сите учесници во работата (член 19 став 1 точка 3).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 1.000 до 5.000 динари и одговорното лице во организацијата на здружен труд или во деловната заедница на организациите на здружен труд.

VII. Преодни и завршни одредби

Член 39

Производствената организација на здружен труд што е запишана во регистарот за општата подобност кај Сојузниот комитет за енергетика и индустрија до денот на влегувањето во сила на оваа уредба се смета дека ги исполнува условите за општата подобност во смисла на оваа уредба во период од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа уредба организацијата на здружен труд од став 1 на овој член е должна во постапката предвидена со оваа уредба да се запише во регистарот за општата подобност.

Член 40

Склучените договори за изведување инвестициони работи во странство, што според поранешните прописи со решение на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија се запишани во посебниот регистар, се извршува според тие прописи.

Доставувањето на годишните и конечните пресметки и другите обврски што произлегуваат од реализацијата на работата по договорите по кои се поднесени пријави за склучени договори до народната банка на републиката, односно до народната банка на автономната покраина, подлежат на одредбите од оваа уредба.

Сите измени и дополненија на договори што се склучуваат по влегувањето во сила на оваа уредба, мораат да бидат во согласност со одредбите од оваа уредба.

Член 41

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престануваат да важат Уредбата за посебните услови под кои организациите на здружен труд можат да изведуваат инвестициони работи во странство („Службен лист на СФРЈ“, бр. 33/76) и Одлуката за располагањето со девизите во текот на изведувањето на инвестициони работи во странство, за пресметувањето на трошоците на работењето и за утврдувањето на добивката („Службен лист на СФРЈ“, бр. 6/73 и 56/76).

Член 42

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“, а ќе важи до 31 декември 1978 година.

Е. п. бр. 81
7 февруари 1978 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р Антон Вратуша, с. р.

Образец ФР

(Назив и седиште на организацијата на здружен труд)

(Број и датум на пријавата за склучена работа)

(Вредност на договорените работи во странска валута и динари)

(Број и датум на решението за регистрацијата во Сојузниот комитет за енергетика и индустрија и назив на организацијата на здружен труд — носител на работата)

ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ РАБОТИ ВО СТРАНСТВО ЗА ПЕРИОД ОД ——— ДО ——— 197—— ГОДИНА

Реден број	О П И С	Износ од почетокот на работите до извештајниот период		Износ за извештајниот период	
		во валута	во динари	во валута	во динари
1	2	3	4	5	6
1	Вкупен приход				
2	Трошоци на работењето				
3	Амортизација				
4	Бруто лични доходи (бруто плати) и други лични примања				
5	Други трошоци				
6	Вкупни трошоци (2+3+4+5)				
7	Добивка (1—6)				
8	Загуба (6—1)				

Раководител на книговодството,

Директор,

122.

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77), врз основа на согласноста од надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ДОЛГОРОЧНА ПРОИЗВОДСТВЕНА КООПЕРАЦИЈА, ДЕЛОВНО-ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА И ЗА ПРИБАВУВАЊЕ И ОТСТАПУВАЊЕ МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО НА ТЕХНОЛОГИЈА ПОМЕЃУ ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И СТРАНСКИ ЛИЦА

Член 1

Под долгорочна производствена кооперација, во смисла на оваа уредба, се подразбира долгорочната соработка на производствена организација на здружен труд и странско лице која се состои во заедничка програма за развој, освојување производство, производство и меѓусебни испораки на производи и составни делови, и тоа:

1) долгорочна соработка во која тие меѓусебно испорачуваат составни делови што ги вградуваат во исти производи или во производи од ист вид;

2) долгорочна соработка во која странско лице испорачува на организација на здружен труд составни делови а организацијата на здружен труд му испорачува на странско лице готов производ во кој ги вградила тие составни делови и деловите што ги произвела самата, односно во која организацијата на здружен труд му испорачува на странско лице составни делови а странското лице ѝ испорачува на таа организација производи во кои се вградени тие составни делови;

3) долгорочна соработка во која странско лице ѝ испорачува на организација на здружен труд суровини, односно полупроизводи, а организацијата на здружен труд му испорачува на странското лице производи во кој ги вградила тие суровини, односно полупроизводи;

4) долгорочна соработка во која тие меѓусебно испорачуваат:

— составни елементи на систем, односно постројка, кои служат за надополнување, односно довршување на индустриски, енергетски, земјоделски, сообраќајни и други системи, односно постројки;

— составни елементи (електронски, пневматски, хидраулични, финомеханички, финоелектротехнички и сл.) кои служат за надополнување, односно довршување на контролни, регулациони, управувачки и информациони системи и уреди;

5) долгорочна соработка во која организацијата на здружен труд му испорачува на странско лице составни елементи на систем, односно постројка што служат за надополнување, односно довршување на систем, односно постројка или составни елементи (електронски, пневматски, хидраулични, финомеханички, финоелектротехнички и сл.) кои служат за надополнување, односно довршување на

контролни, регулациони, управувачки и информациони системи и уреди, а странското лице ѝ испорачува на организацијата на здружен труд готова постројка, односно систем во кој вградило, односно ги вклучило составните елементи испорачани од организацијата на здружен труд и елементи на сопственото производство;

6) долгорочна соработка во развојот, производството и меѓусебните испораки во која странско лице ѝ испорачува на организација на здружен труд составни елементи на системот, односно постројката од точка 5 на овој став што служат за надополнување, односно довршување на системот, односно постројката, а организацијата на здружен труд му испорачува на странското лице готова постројка, односно систем во кој ги вградила, односно вклучила составените елементи испорачани од странското лице и елементите од сопствено производство;

7) долгорочна меѓусебна соработка во производството и испораката на готови производи од ист вид.

Соработката од став 1 точ. 4 до 6 на овој член може да се остварува ако составните елементи се вградуваат во систем или постројка кои сочинуваат една техничко-технолошка заокружена целина, која е финален производ.

Член 2

Под деловно-техничка соработка, во смисла на оваа уредба, се подразбира соработката на организација на здружен труд и странско лице која се состои во заедничка програма за развој, освојување производство или производство и меѓусебни испораки на производи, составни делови и интелектуална сопственост, и тоа врз:

1) истражување и остварување на пронајдоци, техничко-технолошки иновации и технички унапредувања, врз основа на заеднички утврдена програма;

2) истражување, проектирање, изработка на документација и освојување производство на определен производ, врз основа на определено материјално право на технологија;

3) истражување на пазарот заради пласман на производите произведени во заедничкото работење (заедничко вложување, долгорочна производствена кооперација и деловно-техничка соработка);

4) производство на производи заради заеднички пласман на пазарот;

5) истапување на странски пазар во врска со определени работи;

6) одржување уреди и инструменти и оспособување кадри за работа со уреди и инструменти;

7) научноистражувачка работа и студии во врска со определени прашања од интерес за стопанството.

Член 3

Под материјално право на технологија, во смисла на оваа уредба, се подразбираат: материјалното право на творби (право на индустриска сопственост), правото на знаење и искуство (know-how) и правото на производствена техничка документација.

Под материјално право на творби, во смисла на оваа уредба, се подразбираат: правото на пантет, правото на модел за искористување, правото на индустриска мостра или модел и правото на заштитен знак (фабрички или трговски знак, услужен знак и трговско име).

Под право на знаење и искуство, во смисла на оваа уредба, се подразбира збир на современи технички и технолошки знаења и искуства и вештини, вклучувајќи ги и спецификациите на суровини, стандардите на производството и преработката, процесната техника и тајните на сопствените постапки и контролата на квалитетот и другите податоци што можат да се применат во индустриско и друго производство. Правото на знаење и искуство може да содржи и известувања и упатства кои се однесуваат на програмирањето, производството, употребата и одржувањето на производите, како и на методологијата на испитувањето на пазарот.

Под право на производствена техничка документација, во смисла на оваа уредба, се подразбира правото на комплетна техничка и технолошка документација за производство или употреба на еден или повеќе производи, дел од производ или хемиска материја.

Член 4

Долгорочната производствена кооперација, долгорочната деловно-техничка соработка и прибавувањето и отстапувањето материјално право на технологија се вршат врз основа на договор, кој мора да биде склучен во писмена форма и на определено време.

Договорот што не е склучен во писмена форма и на определено време не произведува правно дејство.

Член 5

Договорот за долгорочна производствена кооперација се склучува со рок на траење од најмалку 5 години.

Претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија може да одобри договорот за долгорочна производствена кооперација да се склучи и со рок на траење од најмалку три години.

Член 6

Договорите од член 4 на оваа уредба не можат да бидат во спротивност со општествениот план на републиката, односно со општествениот план на автономната покраина, со договорот за основите на општествениот план на републиката, односно автономната покраина и со општествените договори и самоуправната спогодба што ги склучила организацијата на здружен труд.

Член 7

Организацијата на здружен труд може да увезува и извезува делови и производи кои се предмет на договор за долгорочна производствена кооперација според спецификацијата, која е составен дел на тој договор.

Увозот и извозот на деловите и производите од став 1 на овој член се врши врз основа на согласност што, истовремено со одобрувањето на договорот, ја издава Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, во спогодба со Сојузниот секретаријат за надворешна трговија.

Увозот и извозот на делови и производи на вооружување и воена опрема од став 1 на овој член се врши врз основа на согласност што, истовремено со одобрувањето на договор, ја издава Сојузниот секретаријат за народна одбрана.

Согласноста од став 2 на овој член се издава за целото време на траењето на договорот.

Сојузниот секретаријат за надворешна трговија е должен да го извести Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, односно Сојузниот секретаријат за народна одбрана, дали е согласен за давање на согласноста од ст. 2 и 3 на овој член, во рок од 30 дена од денот на добивањето на барањето.

Испораките на странски лица на организации на здружен труд по основ на долгорочна производствена кооперација имаат приоритет во остварувањето на размената со странство до износот на договорените количества и вредности на испораките за време на важењето на договорот.

Овластените органи се должни при склучувањето на меѓудржавни спогодби да водат сметка за обврските на организациите на здружен труд што произлегуваат од договорите за долгорочна производствена кооперација со странски лица.

Член 8

Увозот на производи и услуги и стекнувањето на правата утврдени со договорот за деловно-техничка соработка и со договорот за прибавување материјално право на технологија помеѓу организациите на здружен труд и странски лица, организацијата на здружен труд го плаќа со девизи од член 122 на Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77).

Член 9

Договорот за долгорочна производствена кооперација е полноважен кога ќе го одобри претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија.

Организацијата на здружен труд е должна до Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, кон барањето за одобрение на договорот за долгорочна производствена кооперација, да ги достави во три примероци:

1) договорот;

2) економско-техничкиот елаборат;

3) мислењето од надлежниот републички, односно покраински орган за оправданоста на кооперацијата што е предмет на договорот за долгорочна производствена кооперација и за подобноста на организацијата на здружен труд да го извршува тој договор;

4) мислењето од Сојузниот завод за општествено планирање за тоа дека договорот за долгорочна производствена кооперација е во согласност со општествениот план на Југославија или со договорот за основите на општествениот план на Југославија, односно со договор што го склучиле федерацијата, републиката и автономните покраини;

5) мислењето од Сојузниот секретаријат за надворешна трговија и самоуправната интересна заедница за економски односи со странство на републиката, односно автономната покраина за тоа дека договорот е во согласност со политиката за унапредување на надворешнотрговските односи, посебно од становиштето на билансот на плаќањето во валутите што се од значење за одржување на ликвидноста во меѓународните плаќања.

Член 10

По исклучок од одредбите на член 9 од оваа уредба, договорите за долгорочна производствена кооперација што се однесуваат на производството за потребите на вооружување и воена опрема ги одобрува и ги запишува во посебен регистар Сојузниот секретаријат за народна одбрана.

Член 11

Економско-техничкиот елаборат, покрај другото, содржи:

1) основни податоци за техничко-технолошките решенија што се предмет на кооперација, со кои се обезбедува посовремено ниво на техниката и технологијата;

2) податоци за состојбата и програмата за оспособување на стручниот кадар за извршување на обврските преземени со договорот;

3) извори на средства за финансирање на инвестициите заради извршување на обврските преземени со договорот;

4) податоци за економската целесообразност на кооперацијата со посебен осврт на ефектите што се очекуваат.

Член 12

Одобрениот договор за долгорочна производствена кооперација Сојузниот комитет за енергетика и индустрија го запишува во посебен регистар.

Во посебниот регистар се запишуваат: фирмите, односно називите и седиштата на содоговарачите, предметот на договор, денот на склучување на договорот, рокот на кој е склучен договорот, како и број и датум на решението за упис во регистар. За уписот во регистар Сојузниот комитет за енергетика и индустрија ги известува организацијата на здружен труд, народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина на чие подрачје е седиштето на организацијата на здружен труд што го склучила договорот, надлежниот републички, односно покраински орган, Стопанската комора на Југославија, Сојузниот пазарен инспекторат, Сојузниот девизен инспекторат, Сојузната управа за царини и Народната банка на Југославија.

Член 13

Претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија ќе донесе решение за престанување на важењето на одобрението и за бришење од посебниот регистар на договорот за долгорочна производствена кооперација, ако организацијата на здружен труд:

1) престане да ги исполнува условите за вршење на долгорочната производствена кооперација, предвидена со оваа уредба;

2) не ги извршува одредбите од договорот што биле услов за негово одобрување.

Против решението од став 1 на оваа уредба организацијата на здружен труд може да изјави жалба до Сојузниот извршен совет.

Член 14

Плаќањето и наплатите што произлегуваат од договорот за долгорочна производствена кооперација организацијата на здружен труд ги врши за секоја кооперација посебно преку контокорентна сметка. кај овластената банка, со право на пребивање на должењата и побарувањата.

Организацијата на здружен труд не полага депозити за плаќање на увозот на компоненти и готови производи што го врши врз основа на договорот за долгорочна производствена кооперација.

Член 15

Височината на износот до кој организацијата на здружен труд може да должи, односно да побарува на контокорентната сметка ја утврдува организацијата на здружен труд спогодбено со народната банка на републиката, односно со народната банка на автономната покраина пред истекот на календарската година за наредната година, со тоа што салдото на должењето, односно побарувањето во врска со таа сметка да не може да биде поголемо од 40% од едногодишниот износ на испораките според договорот во еден правец.

При утврдувањето на височината на должењето, односно побарувањето на контокорентната сметка за наредната година, во смисла на став 1 од овој член, народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина — ако утврди дека организацијата на здружен труд имала постојано долговно салдо поради извршување на извозот под 50% од количествата предвидени со договорот, односно постојано побарувачно салдо поради извршување на увозот под 50% од количествата предвидени со договорот — ќе ѝ даде налог на организацијата на здружен труд да го израмни салдото во рок од 90 дена како редовен увоз, односно извоз.

Во случајот од став 2 на овој член народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина нема да ја утврди височината на должењето, односно побарувањето на контокорентната сметка за наредната година, а за дадениот налог за намирување на салдото ќе го извести Сојузниот комитет за енергетика и индустрија заради постапување во смисла на член 13 од оваа уредба.

Член 16

Народните банки на републиките, односно народните банки на автономните покраини ќе водат

посебна евиденција и контрола за извршување на работите во врска со договорите за долгорочна производствена кооперација на начинот кој ќе го пропише Народната банка на Југославија.

Народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина е должна да ги доставува до самоуправната интересна заедница за економски односи со странство во републиката, односно во автономната покраина податоците од евиденцијата од став 1 на овој член.

Член 17

Организацијата на здружен труд чиј договор за долгорочна производствена кооперација е одобрен и регистриран во Сојузниот комитет за енергетика и индустрија е должна да доставува до тој комитет, до надлежниот орган на републиката односно на автономната покраина и до народната банка на републиката, односно до народната банка на автономната покраина на чие подрачје е седиштето на таа организација, шестмесечни извештаи за остварувањето на договорената соработка.

Извештаите од став 1 на овој член мораат да содржат податоци за испораките на компоненти и готови производи за должењето и побарувањето што настанале од извршувањето на договорот за долгорочна производствена кооперација, за техничка и економска подобност, за учеството на организацијата на здружен труд и нејзините кооперанти во испораките за странското лице, како и други поважни податоци.

Организацијата на здружен труд е должна извештајот од став 1 на овој член да го поднесе во рок од 30 дена од денот на истекот на второто тримесечје и денот на истекот на годината.

Член 18

Организацијата на здружен труд може со странски лица да склучи договор за деловно-техничка соработка и договор за прибавување и отстапување материјално право на технологија, ако се исполнети следните услови:

1) ако соработката е заснована врз современи технички достигања и специјализација на производството;

2) ако организацијата на здружен труд е подобна за производство, односно за вршење на услугите што се предмет на договорот;

3) ако со договорот се обезбедуваат економичност и унапредување на производството.

Организацијата на здружен труд е технички подобна за остварување на деловно-техничката соработка, ако има долгорочна производствена програма, средства, производствена технологија и кадри.

Член 19

Договорот за прибавување материјално право на технологија и договорот за деловно-техничка соработка се полноважни кога ќе ги одобри претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија.

Член 20

Кон барањето за одобрување на договор за прибавување материјално право на технологија и договор за деловно-техничка соработка, организацијата на здружен труд поднесува:

1) нацрт на договорот склучен со странските договорачи, во 3 примероци;

2) економско-техничко образложение, кое покрај другото, содржи податоци за тоа:

— дека со склучувањето на договорот се обезбедува совојување на рентабилно производство, засновано врз современи технички решенија;

— дека организацијата на здружен труд е во можност навремено да обезбеди соодветна техничка опрема и стручни кадри за производството кое е предмет на договорот, како и за негово натамошно развивање;

3) податоците дека со склучувањето на договорот на содоговорачите не им се забранува или не им се ограничува извозот на производи во определени земји, освен во земјите во кои содоговорачите самите ги произведуваат односните производи, како и во земјите во кои дале исклучиво право на производството на односните производи.

Член 21

Одобрените договори за прибавување материјално право на технологија и договорите за деловно-техничка соработка Сојузниот комитет за енергетика и индустрија ги запишува во посебен регистар.

Во посебен регистар се запишуваат: фирмите, односно називите и седиштата на договорачите, предметот на договорот, денот на склучувањето на договорот, рокот на кој е склучен договорот и број и датум на решението за упис во посебниот регистар.

За уписот во посебниот регистар Сојузниот комитет за енергетика и индустрија ја известува организацијата на здружен труд, народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина, и надлежниот орган на републиката, односно на автономната покраина.

Член 22

Договорот за прибавување материјално право на технологија, односно договорот за деловно-техничка соработка склучен со странско лице заради производство на предмети на вооружување или воена опрема, се одобрува врз основа на претходна согласност од Сојузниот секретаријат за народна одбрана и од Сојузниот секретаријат за внатрешни работи.

Член 23

Организацијата на здружен труд што склучила полноважен договор за прибавување материјално право на технологија, односно договор за деловно-техничка соработка, е должна да достави до Сојузниот комитет за енергетика и индустрија и до народната банка на републиката, односно до народната банка на автономната покраина, на чија територија е седиштето на таа организација, најдоцна до 31 март тековната година, годишен извештај за остварувањето на тој договор за изминатата година.

Член 24

Договорите за долгорочна производствена кооперација, договорите за деловно-техничка соработка, договорите за прибавување материјално право на технологија и договорите за отстапување на тоа право помеѓу организациите на здружен труд и странските лица, што се склучени и запишани во посебниот регистар кај Сојузуниот комитет за енергетика и индустрија до 31 декември 1977 година, се извршуваат според прописите што важеле за тие договори до денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Член 25

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 80
9 февруари 1978 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

123.

Врз основа на член 90 став 1 точка 2 од Основниот закон за средствата за работа на органите на управата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 46/64, 57/65 и 1/67), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА УРЕДБАТА ЗА ИЗДАТОЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И СЕЛИДБИ ВО СТРАНСТВО ШТО НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ИМ СЕ ПРИЗНАВААТ ВО МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

Член 1

Во Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на сојузните органи на управата и на сојузните организации им се признаваат во материјални трошоци („Службен лист на СФРЈ“, бр. 14/77) во член 5 став 1 се менува и гласи:

„Издатоците за дневници за службени патувања во странство на функционерите што ги назначува Претседателот на Републиката, функционерите што ги именува или назначува Претседателството на СФРЈ, Претседателството, односно претседателот на Собранието на СФРЈ, или Сојузниот извршен совет, како и шефовите на делегациите од член 8 став 5 на оваа уредба на органот му се признаваат во материјални трошоци во височината на дневницата за I група работни места, зголемена за 20%.“

Член 2

Во член 6 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„На функционерите и на членовите на придружба што патуваат во странство како членови на официјална делегација или што го придружуваат Претседателот на Републиката, а на кои во странство им се обезбедени бесплатно сместување и бесплатна исхрана, дневницата им се намалува за 50%, а ако им е обезбедено само бесплатно сместување или само бесплатна исхрана — дневницата им се намалува за 30%.“

Досегашниот став 2 станува став 3.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 76
9 февруари 1978 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

124.

Врз основа на член 12 став 2 од Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот, на средствата за лични доходи и на другите примања на работниците во органите на федерацијата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 71/73, 56/75 и 31/77), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ РАБОТНИ МЕСТА ВО ОРГАНИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

1. Во Одлуката за зголемување на средствата за лични доходи за определени работни места во органите на федерацијата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 46/74 и 23/77) во точка 1 во одредбата под 2 по зборовите: „условите на летањето“ цртичката се заменува со запирка.

2. Оваа одлука влегува со сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 45
11 јануари 1978 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Доброслав Ќулафиќ, с. р.

125.

Врз основа на член 143 став 1 од Законот за здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“, бр. 53/76), по претходно прибавено мислење од Сојузот на синдикатите на Југославија и Стопанската комора на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ИСКАЖУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ТРУДОТ НА РАБОТНИЦИТЕ И ОД РАБОТЕЊЕТО НА ОСНОВНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕН ТРУД

1. Покрај показателите од член 140 на Законот за здружениот труд, се утврдуваат и следните показатели според кои, врз основа на податоците според периодичната пресметка и завршната сметка задолжително се искажуваат резултатите од трудот на работниците и од работењето на основна организација на здружен труд, и тоа:

1) издвојувања од личниот доход на еден работник — месечен просек;
2) издвојувања од доходот на еден работник;
3) акумулација со амортизација во однос на просечно користените деловни средства;
4) просечно користени деловни средства на еден работник;
5) вкупен приход спрема потрошените средства;
6) вкупен приход спрема просечно користените обртни средства;
7) загуба на еден работник;
8) доход во однос на планираниот доход;
9) личен доход во однос на планираниот личен доход.

2. Пресметувањето на показателите од точка 1 на оваа одлука се врши на следниот начин:

1) издвојувањето од личниот доход на еден работник се пресметува така што износот платен на име придонеси и даноци од личниот доход ќе се подели со просечниот број работници врз база на вкалкулираните часови работа (месечен просек);

2) издвојувањето од доходот на еден работник се пресметува така што износот на придонесите, даноците, договорените и други обврски од доходот ќе се подели со просечниот број работници врз база на вкалкулираните часови работа во текот на пресметковниот период;

3) акумулацијата со амортизацијата во однос на просечно користените деловни средства се пресметува така што износот на акумулацијата зголемен за износот на амортизацијата пресметана според пропишаните минимални стапки ќе се подели со износот на просечно користените деловни средства (основни и обртни);

4) просечно користените деловни средства на еден работник се пресметуваат така што износот на просечно користените деловни средства (основни и

обртни) ќе се подели со просечниот број работници врз база на вкалкулираните часови работа;

5) вкупниот приход спрема потрошените средства се пресметува така што износот на вкупниот приход ќе се подели со износот на потрошените средства;

6) вкупниот приход спрема просечно користените обртни средства се пресметува така што износот на вкупниот приход ќе се подели со просечно користените обртни средства, кои се утврдуваат така што од износот на просечно користените деловни средства ќе се одземе износот на просечно користените основни средства;

7) загубата на еден работник се пресметува така што износот на загубата ќе се подели со просечниот број работници врз база на вкалкулираните часови работа;

8) доходот во однос на планираниот доход се пресметува така што износот на доходот ќе се подели со планираниот доход;

9) личниот доход во однос на планираниот личен доход се пресметува така што износот на личниот доход издвоен од чистиот доход (бруто) ќе се подели со износот на планираниот личен доход;

3. За искажување на резултатите од трудот на работниците и од работењето на основните организации на здружен труд што вршат општествени дејности, се користат показателите од точка 1 на оваа одлука под ред. бр. 1, 2, 5, 7, 8 и 9.

4. Пресметувањето на показателите се врши врз основа на податоците од обрасците „Биланс на успехот“ и „Посебни податоци“.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 77
9 февруари 1978 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Антон Вратуша,** с. р.

126.

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за основите на режимот на водите од интерес за две или повеќе републики, односно автономни пакраини и за меѓудржавните води („Службен лист на СФРЈ“, бр. 2/74 и 24/76), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА МАКСИМАЛНО ДОПУШТЕНИТЕ КОНЦЕНТРАЦИИ НА РАДИОНУКЛИДИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО МЕЃУРЕПУБЛИЧКИТЕ ВОДОТЕЦИ, МЕЃУРЕПУБЛИЧКИТЕ ВОДИ И ВОДИТЕ НА КРАЈБРЕЖНОТО МОРЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во меѓурепубличките вотодеци и меѓудржавните води максимално допуштените концентрации (MDK) на вкупните радионуклиди се определуваат според ред. број 15 на табелата од член 3 на Уредбата за класификацијата на водите на меѓурепубличките водотеци, меѓудржавните води и водите на крајбрежното море на Југославија („Службен лист на СФРЈ“ бр. 6/78), а во крајбрежното море на Југославија според ред. број 10 на табелата од член 6 на таа уредба.

2. Во меѓурепубличките водотеци и меѓудржавните води и водите на крајбрежното море на Југославија максимално допуштените концентрации (MDK) на опасни материи се:

Реден број	Назив на опасната материја	MDK (mg/литар) Класи I и II	Класи III и IV
1	2	3	4
1	Авадекс	0,03	1,0
2	Акрилонитрил	2,0	2,0
3	Акролеин	0,01	0,01
4	Алдрин	0,017	0,02
5	Алкил бензол сулфонат	0,4	1,0
6	Амини (C_7 — C_9)	0,1	0,1
7	Амини (C_{10} — C_{16})	0,04	0,5
8	Амини (C_{17} — C_{20})	0,03	0,05
9	Аминофенол (o-)	0,01	—
10	Аминофенол (m-)	0,05	0,1
11	Аминофенол (p-)	0,05	—
12	Амонијак	0,1	0,5
13	Амониум јон	1,0	10,0
14	Анизол	0,02	0,05
15	Антимон	0,05	0,05
16	Арсен	0,05	0,05
17	Ацетон (по ВРК)	0,5	2,0
18	Ацетонцијанхидрин	0,001	0,001
19	Ацетофос	0,03	—
20	Бакар	0,1 (0,01)*	0,1
21	Бариум	1,0	4,0
22	Бензатрон	0,05	0,05
23	Бензин	0,1	0,1
24	Бензоева киселина (по ВРК)	5,0	10,0
25	Бензол	0,5	0,5
26	Берилиум	0,0002	0,001
27	Бор	0,3	1,0
28	Бутен-1	0,2	10,0
29	Бутерна киселина (по ВРК)	5,0	10,0
30	Бутил акрилат	0,015	1,0
31	Бутил алкохол	1,0	10,0
32	Бутил ксантогенат	0,001	—
33	n-Бутилмеркаптан	0,006	—
34	Ванадиум	0,1	0,5
35	Водород сулфид	—	0,1
36	Волфрам	0,10	0,10
37	Железо	0,3	1,0
38	Диелдрин	0,017	0,02
39	Диетилдикаприлат на калај	0,01	0,01
40	Диетилдитиофосфорна киселина	0,1	1,0
41	Диетилестар на малеинска киселина	1,0	1,0
42	Диетил на жива	0,0001	0,0001
43	Диетилхлортиофосфат	0,02	—
44	ДДТ	0,04	0,1
45	Диизопропиламин	0,5	0,5
46	Диизопропилбензол (m-ip-)	0,05	0,05
47	Диметилдиоксан	0,005	0,005
48	Диметилсулфид	0,03	0,3
49	Диметилфенилкарбинол	0,005	0,005
50	Диметилформанид	10,0	10,0
51	o.o-Диметил-s-етил-меркаптоетилдитио-фосфат	0,001	1,0
52	p'p'-Диметоксидифе-нилтрихлоретан	0,005	0,1
53	Динитробензол	0,5	1,0
54	Динитронафталин	0,5	1,0
55	2,4-Динитрофенол	0,03	0,03
56	1,2-Динитро-4-Хлор-бензол	0,5	1,0
57	2,2-Дифенилолпропан	0,01	—
58	Дифенилпропан	0,01	0,5

*) за салмониди

1	2	3	4
59	Дихлоранилин (3,4 и 2,5-)	0,05	4,0
60	Дихлорбензол	0,002	0,02
61	1,3-Дихлорбутен-2	0,05	2,0
62	Дихлордибутилкалај	0,002	0,002
63	p'p'-Дихлордифенилдихлоретан	0,003	0,1
64	Дихлоретан	2,0	10,0
65	2,4-Дихлорфенол	0,002	1,0
66	Дихлорциклохексан	0,02	0,25
67	Дициклохексиламинонитрит	0,001	—
68	Додецилбензосулфонат	0,05	5,0
69	Ендрин	0,001	0,01
70	Епихлорхидрин	0,01	0,01
71	Етилакрилат	0,005	—
72	Етиламин	0,5	—
73	Етилбензол	0,01	2,0
74	Етилен	0,5	1,5
75	Етиленгликол	1,0	1,0
76	Етилмеркурихлорид	0,0001	0,0001
77	Жива	0,001	0,001
78	Изобутил алкохол	1,0	—
79	Изобутилен	0,5	10,0
80	Изопрен	0,005	—
81	Кадмиум	0,005	0,01
82	Калиумдиетилдитиофосфат	0,2	2,0
83	Калиумдиизопропилдитиофосфат	0,02	1,0
84	Капролактам	1,0	1,0
85	Карбин	0,03	—
86	Карбофос	0,05	1,0
87	Керосин	0,1	—
88	Кобалт	0,2	2,0
89	Крезилдитиофосфат	0,001	0,05
90	Крезол (o-)	0,05	0,1
91	Крезол (m-)	0,002	0,1
92	Ксилол	0,05	0,1
93	Линдан	0,056	—
94	2,5-Лутидин	0,05	0,05
95	Малеински анхидрид	1,0	1,0
96	Мезидин	0,01	0,01
97	Мезитилен	0,02	—
98	Меркаптоетилдиетиламин (бета-)	0,1	10
99	Меркаптофос (смеса тиол I и тиол II, 70:30)	0,01	1,0
100	Метанол (по ВРК)	0,5	2,0
101	Метафос	0,02	0,5
102	Метилакрилат	0,02	—
103	Метилакотофос	0,03	—
104	Метилбензоат	0,001	0,1
105	Метилдитиокарбамат (Na-co)	0,02	0,5
106	Метилетилкетон	1,0	10,0
107	Метилсистокс	0,03	—
108	Метоксихлор	0,035	—
109	Млечна киселина (по ВРК)	1,0	5,0
110	Молибден	0,5	0,5
111	Моноетилдихлортиофосфат	0,02	0,02
112	Мравска киселина (друга ВРК)	1,0	5,0
113	Натриумдипат	1,0	1,0
114	Натриумтелурат	0,01	0,01
115	Нафталин	0,05	—
116	Нафта сулфураста	0,05	0,3
117	Нафта друга	0,05	0,3
118	Нафтени киселини	0,3	—
119	Никл	0,05	0,1
120	Никтати (како N)	10,0	15,0
121	Нитрити (како N)	0,05	0,5
122	Нитрометан	0,005	1,0
123	Нитропропан	0,005	1,0
124	Нитротолуол (o-)	0,05	—
125	Нитротолуол (m-)	0,01	—
126	Нитрофенол (o-)	0,06	0,06
127	Нитрофенол (m-)	0,06	0,06
128	Нитрофенол (p-)	0,025	0,025
129	Нитроформ	0,01	0,1
130	Нитрохлорбензол	0,05	0,05
131	Нитроциклохексан	0,1	0,1
132	Нонил алкохол	0,01	0,01
133	Октил алкохол (примарен и секундарен)	0,05	—
134	Олово	0,05	0,1
135	Пентахлорбутан	0,02	0,3
136	Пентахлорфенол	0,3	0,05
137	Пиколин (алфа-)	0,05	0,05
138	Пикринска киселина	0,5	0,5
139	Пиридин	0,2	0,2
140	Полиакриламид	2,0	—
141	Полинуклеарни ароматски јагленводороди (канцерогени): флуорантен+3,4-бензфлуорантен+11,12-бензфлуорантен+3,4-бензпирен++1,12 бензперилен++индено (1,2,3-Cd) пирен	0,0002	—
142	Полихлоровани бифенили	—	—
143	Полихлор пинен	0,2	0,2
144	Пропилен	0,5	1,5
145	Пропиленгликол (по ВРК)	2,0	10,0
146	Сапонини	0,2	2,0
147	Селен	0,01	0,01
148	Семазин (нерастворени)	—	3,5
149	Семазин (2-оксиденват)	—	—
150	Синтетски масни киселини C_5—C_{20} (по ВРК)	1,0	5,0
151	Сребро	0,01	0,02
152	Стирол	0,1	10,0
153	Сулфиди	—	0,05
154	Сулфити	0,05	0,1
155	Танини	0,5	10,0
156	Телур	0,01	0,01
157	Терпентин	0,2	5,0
158	Терпинеол (алфа-)	0,05	—
159	Тетраетилкалај	0,0002	0,0002
160	Тетраетилолово	—	0,0001
161	Тетранитрометан	0,5	2,0
162	Тетрахидрохинон	0,05	—
163	Тетрахлорбензол	0,01	0,02
164	Тетрахлоретан	0,2	5,0
165	Тетрахлорнонан	0,003	1,0
166	Тетрахлорпентан	0,005	2,0
167	Тетрахлорпропан	0,01	3,0
168	Тетрахлорундекан	0,007	3,0
169	Тетрахлорхептан	0,0025	1,0
170	Тиофен	2,0	20,0
171	Тиофос	0,003	1,0
172	Титан	0,10	0,10
173	Токсафен	0,005	—
174	Толуол	0,5	25,0
175	Трибутилфосфат	0,01	5,0
176	Триетиленгликол (по ВРК)	2,0	10,0
177	2,4,6-Тринитротолуол	0,2	0,4
178	1,2,4-Трихлорбензол	0,03	0,1
179	Трихлоретилен	0,5	10,0
180	2,4,6-Трихлорфенол	0,0004	1,0
181	Јаглендисулфид	1,0	5,0
182	Јаглентетрахлорид	0,3	0,3
183	Фенилхидразин	0,01	0,01
184	Фенол	0,001	0,3
185	Флуор	1,0	1,5

1	2	3	4
186	Фозалон	0,0005	—
187	Формалдехид	0.5	0,5
188	Фосбутил	0.03	—
189	Фосфамид	0,03	1,0
190	Фуран	0,2	0,2
191	Хексаметилендиамин	0.01	0,01
192	Хексахлорбензол	0.05	0,05
193	Хексахлорбутадиен	0,01	0.08
194	Хексахлорбутан	0.01	0.3
195	Хексахлоретан	0,01	1,0
196	Хексахлорциклопентадиен	0,001	0,6
197	Хексахлорциклохексан	0,02	1,0
198	Хептахлор	0,018	0,05
199	Хептахлорепоксид	0.018	—
200	Хептил алкохол	0,005	0,005
201	Хербициди: 2,4D+2.4,5-T+2,4,5-TP	0,100	—
202	Хидрохинон	0.2	0,5
203	Хлор активен	0.005	0,01
204	Хлоранил	0.01	—
205	Хлорбензол	0.02	0,02
206	Хлордан	0,003	—
207	Хлоренантна киселина (омега-)	0,05	0,5
208	Хлорнитрозоциклохексан	0,005	1,25
209	Хлоропеларгонска киселина	0.3	—
210	Хлоропрен	0,1	10,0
211	Хлороундеканска киселина (омега-)	0,1	0,5
212	Хлорофос	0.05	10.0
213	Хлорциклохексан	0.05	0,1
214	Хром тровалентен	0,1	0,5
215	Хром шестовалентен	0.05	0,1
216	Цијаниди	0,01	0,1
217	Цијанурна киселина	6.0	10,0
218	Циклохексан	0,1	0,1
219	Циклохексанол	0.5	0,5
220	Циклохексанон	0.02	0,02
221	Циклохексаноноксим	1,0	1,0
222	Циклохексен	0,02	0,02
223	Цинк	0,2	1,0

3. При пресметувањето на токсичноста на поголем број опасни материи, дозволените концентрации во сместата мораат да го задоволуваат следниот однос:

$$\frac{Ca}{La} + \frac{Cb}{Lb} + \ldots\ldots + \frac{Cn}{Ln} \leq 1.$$

Под Ca, (Cb ... Cn се подразбираат мерните концентрации на токсичните супстанции во вода, а под La, Lb ... Ln се подразбираат границите на допуштените концентрации (MDK) изведени за тие супстанции врз поединечна основа.

4. Концентрациите на опасните материи се утврдуваат:

1) при концентрирано користење на води — на границата на првата зона на санитарната заштита, односно на местото на зафатот на водата;

2) при друго концентрирано користење на вода — во зона на 95%-тно мешање.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 82
9 февруари 1978 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р Антон Вратуша, с. р.

127.

Врз основа на член 145 став 2 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77), врз основа на согласноста од извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини на предлог од Народната банка на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАМКОВНИТЕ УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАН НАСТАП НА ДОМАШНИ ЛИЦА НА СТРАНСКИОТ ФИНАНСИСКИ ПАЗАР

1. Домашните лица од член 146 став 1 точ. 1 и 2 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство, и тоа организациите на здружен труд и банките, овластени за работи со странство, што земаат кредити во странство, односно даваат кредити на странски лица, должни се при земањето, односно давањето на кредити и давањето на гаранции и други форми на емство за сметка на домашни лица, да се придржуваат кон рамковните услови утврдени со оваа одлука.

2. Под рамковните услови од точка 1 на оваа одлука, при земање кредити во странство се подразбира:

1) обврската за утврдување на максималните каматни стапки и на трошоците на кредитите, зависно од движењето на странскиот пазар на финансиски и стоковни кредити. Утврдувањето на максималните каматни стапки и на трошоците на кредитите се врши по потреба, а најмалку еднаш месечно, врз основа на податоците за движењето на каматните стапки и на трошоците на странскиот пазар, што ги собираат банките овластени за работи со странство;

2) минималниот износ под кој не може да се склучуваат кредити во странство. Финансиски кредити во странство не можат да се склучуваат во износ помал од 1,000.000 САД долари, а стоковни кредити — во износ помал од 100.000 САД долари — поединечно;

3) утврдување на „grace" периодот, во траење од најмалку две години при склучувањето на финансиски кредити;

4) утврдување на клаузулите што не можат да се прифатат со договорите за кредитот.

Под клаузули од одредбата под 4 став 1 на оваа точка се подразбираат клаузулите што корисникот на кредитот без негова кривица го доведуваат во нерамноправна положба, неоправдано ги зголемуваат трошоците на кредитот за време на траењето на кредити или му даваат можност на доверителот еднострано да го запре кредитирањето или да го наплати кредитот пред истекот на договорените рокови.

3. Под рамковните услови од точка 1 на оваа одлука, за давање комерцијални, стоковни и финансиски кредити на странство се подразбира утврдувањето на минималните каматни стапки и на договорените минимални трошоци по финансиските кредити што се даваат на странство.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 84
9 февруари 1978 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р Антон Вратуша, с. р.

128.

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр 15/77), на предлог од Стопанската комора на Југославија, а врз основа на согласноста од извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ШТО Е ПОТРАЈНО И ВО ПОГОЛЕМ ОБЕМ ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА НАДВОРЕШНОТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ ВО СМИСЛА НА ЧЛЕН 8 СТАВ 1 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И УСЛУГИ СО СТРАНСТВО

1. Се смета дека организацијата на здружен труд што се занимава со работи на прометот на стоки и услуги со странство, ги врши тие работи потрајно и во поголем обем, ако со производствените организации на здружен труд склучила самоуправни спогодби за здружување на трудот и средствата за вршење надворешнотрговски промет на стоки во траење од најмалку 5 години и ако со тие самоуправни спогодби е опфатено над 50% од нејзиниот годишен надворешнотрговски промет на стоки.

2. Се смета дека организацијата на здружен труд што се занимава со работи на прометот на услуги со странство, ги врши тие работи потрајно и во поголем обем, ако со производствените и други организации на здружен труд склучила самоуправни спогодби за здружување на трудот и средствата за вршење услуги во надворешнотрговскиот промет во траење од најмалку 5 години и ако во тие самоуправни спогодби е опфатено над 50% од нејзиниот вкупен годишен обем на надворешнотрговските услуги.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 78
9 февруари 1978 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Веселин Ђурановиќ, с. р.

129.

Врз основа на член 57 став 3 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПОДАТОЦИТЕ ШТО СЕ ДОЛЖНИ ДА ГИ ОБЕЗБЕДАТ ВО СВОЕТО КНИГОВОДСТВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И ДРУГИ КОРИСНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА ВО КОИ ВЛОЖИЛЕ СРЕДСТВА СТРАНСКИ ЛИЦА

1. Организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства од член 4 на Законот за книговодството во кои вложиле средства странски лица заради остварување заеднички деловни цели, должни се во своето книговодство да обезбедат податоци за средствата, резултатите на заедничкото работење, распоредувањето на дел од доходот што им припаѓа на организацијата на здружен труд и на странското лице и други податоци.

2. Податоците од точка 1 на оваа одлука организациите на здружен труд и другите корисници на општествени средства во кои вложиле средства странски лица се искажуваат на Образецот УССЛ — Податоци за вложување средства на странски лица за периодот од 1 јануари до ———— 19 — година, кој е отпечатен кон оваа одлука и нејзин е составен дел.

3. Образецот УССЛ од точка 2 на оваа одлука се пополнува врз основа на книговодствените податоци, и тоа при изработката на периодичната пресметка за периодот јануари—јуни и на завршната сметка.

4. Кон периодичната пресметка за периодот јануари—јуни и завршната сметка организацијата на здружен труд, односно друг корисник на општествени средства го доставува до надлежната служба на општественото книговодство кај која се води неговата жиро-сметка Образецот УССЛ, во два примерока.

5. Образецот од точка 2 на оваа одлука Службата на општественото книговодство на Југославија ќе го приспособи за механографска обработка.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 83
9 февруари 1978 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

Образец УССЛ

Организација на здружен труд, односно друг корисник на општествени средства

(назив и место)

Странско лице — вложувач на средства

Држава ————
Број на регистарот —
Договорена валута ——
Година на почетокот на вложувањето ————
Време на траењето на вложувањето (во години) ————

ПОДАТОЦИ ЗА ВЛОЖУВАЊЕТО НА СРЕДСТВА НА СТРАНСКИ ЛИЦА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО ———— 19—— ГОДИНА

Реден број	Елементи	Износ во динари	
		во претходната година	во тековната година
1	2	3	4
	I. Средства		
1	Вложени средства на странско лице: — финансиски средства — опрема — право на индустриска сопственост, односно знаење и искуство		
2	Средства на организацијата на здружен труд		
3	Вкупни средства (ред. број 1 + ред. број 2)		

1	2	3	4
	II. Резултат од заедничкото работење		
4	Вкупен приход, односно приход		
5	Доход		
6	Дел од доходот кој припаѓа на организацијата на здружен труд		
7	Дел од доходот (добивка, кој му припаѓа на странското лице).		
	III. Распоредување на делот од доходот кој ѝ припаѓа на организацијата на здружен труд		
8	Дел од доходот за придонеси, даноци и други обврски што се намируваат од доходот		
9	Дел од доходот за лична и заедничка потрошувачка		
10	Дел од доходот за унапредување и проширување на материјалната основа на трудот		
11	Дел од доходот за резерви		
12	Вкупно (ред. бр. 8 до 11 = = реден број 6)		
	IV. Распоредување на делот од добивката кој му припаѓа на странското лице		
13	Данок на добивка на странското лице		
14	Добивка што странското лице ја инвестира во организацијата на здружен труд		
15	Добивка на странското лице која се трансферира во странство		
16	Вкупно (ред. бр. 13 до 15 = = ред. број 7)		
	V. Остварена загуба од заедничкото работење		
17	Вкупна загуба		
18	Дел од загубата кој го поднесува организацијата на здружен труд		
19	Дел од загубата кој го поднесува странското лице		
20	Износ на загубата што го покрило странското лице		
	VI. Друго		
21	Вкупно остварен доход од заедничкото работење од почетокот на вложувањето до крајот на извештајниот период		
22	Вкупно остварена загуба од заедничкото работење од почетокот на вложувањето до крајот на извештајниот период		
23	Договорен износ на вложувањето на странското лице		
24	Вкупно повратени вложени средства на странското лице од почетокот на вложувањето до крајот на извештајниот период		
25	Број на вработените работници		

Раководител на книговодството, Директор,

Забелешка:

1. Износите во овој образец се искажуваат во динари со пари.

2. Под ред. бр. 1, 2 и 3 на овој образец се внесуваат податоци според состојбата на крајот на извештајниот период.

3. Под ред. број 25 се внесува вкупниот број на вработените работници во организацијата на здружен труд во која се вложени средства на странско лице, врз база на состојбата кон крајот на месецот.

130.

Врз основа на член 57 став 4, во врска со член 6 став 2 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ“, бр. 58/76), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПОДАТОЦИТЕ ШТО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И ДРУГИ КОРИСНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА СЕ ДОЛЖНИ ДА ГИ ОБЕЗБЕДАТ ВО СВОЕТО КНИГОВОДСТВО ЗА МЕШОВИТИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО СТРАНСТВО

1. Организациите на здружен труд и другите корисници на општествени средства од член 4 на Законот за книговодството, што имаат мешовито претпријатие во странство се должни во своето книговодство за тоа претпријатие да обезбедат податоци за побарувањата и обврските на основачот спрема мешовитото претпријатие за вредноста на извезените, односно увезените стоки и услуги спрема мешовитото претпријатие, за остварената добивка од мешовитото претпријатие, за остварување на загубите на мешовитото претпријатие што ги поднесува основачот и други податоци.

2. Под мешовито претпријатие во странство, во смисла на оваа одлука, се подразбираат мешовити претпријатија, мешовити банки, односно мешовити финансиски организации и мешовити осигурителни, односно реосигурителни организации, во странство во кои учеството на средствата од сите основачи, односно соосновачи од Југославија не е поголемо од 50%, а за кое, според важечките прописи, не се води посебно книговодство.

3. Податоците од точка 1 на оваа одлука организациите на здружен труд и другите корисници на општествени средства ги искажуваат врз Образецот МПИ — Податоци за мешовито претпријатие во странство за периодот од 1 јануари до ———— 19—— година, кој е отпечатен кон оваа одлука и нејзин е составен дел.

4. Образецот од точка 3 на оваа одлука се пополнува врз основа на книговодствените податоци, и тоа при изработката на периодичната пресметка за јануари—јуни и на завршната сметка.

5. Организацијата на здружен труд, односно друг корисник на општествени средства доставува до надлежната служба на општественото книго-

водство кај која се води неговата жиро-сметка Образец МПИ, кон периодичната пресметка за периодот јануари—јуни и завршна сметка, во два примерока.

Организацијата на здружен труд, односно друг корисник на општествени средства доставува до надлежната служба на општественото книговодство еден примерок од годишниот биланс (пресметка) на мешовитото претпријатие составен според прописите на домицилната земја и усвоен од надлежниот ревизионен орган и тоа во рок од 60 дена од денот кога е усвоен од тој орган.

6. Образецот од точка 3 на оваа одлука Службата на општественото книговодство на Југославија ќе го приспособи за механографска обработка.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 79
9 февруари 1978 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
др **Антон Вратуша**, с. р.

Образец МПИ

Мешовито претпријатие во странство

(назив и место)

Држава ———
Година на основањето
Број на регистарот —

Основач на мешовитото претпријатие во странство

(назив и место)

Учество на основачот во основачкиот влог ———%
Сооснивач на мешовитото претпријатие во странство (странски партнер)

(назив на фирмата, место, држава)

ПОДАТОЦИ ЗА МЕШОВИТОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВО СТРАНСТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО ———— 19—— ГОДИНА

Реден број	Елементи	Износ во динари	
		во претходната година	во тековната година
1	2	3	4
	I. ДЕЛ		
	А. Побарувања на основачот од мешовитото претпријатие		
1	Побарувања по основ на продажба		
2	Побарувања во врска со краткорочните кредити		
3	Побарувања во врска со долгорочните кредити		
4	Побарувања во врска со вложените средства		
5	Побарувања по основ на добивка		
6	Други побарувања		
	Б. Обврски на основачот спрема мешовитото претпријатие		
7	Обврски по основ на купувачка		
8	Обврски во врска со краткорочните кредити		
9	Обврски во врска со долгорочните кредити		
10	Обврски во врска со вложените средства		
11	Обврски по основ на покритие на загубите		
12	Други обврски		
	II. ДЕЛ		
1	Вредност на извезените стоки и услуги преку мешовитото претпријатие во странство		
2	Вредност на увезените стоки и услуги преку мешовитото претпријатие во странство		
3	Вкупно остварена добивка од мешовитото претпријатие во странство		
4	Вкупно трансферирана добивка од мешовитото претпријатие во странство		
5	Вкупно остварена добивка од мешовитото претпријатие во странство, од денот на основањето до крајот на извештајниот период		
6	Вкупно трансферирана добивка од мешовитото претпријатие во странство, од денот на основањето до крајот на извештајниот период		
7	Вкупно остварена загуба на мешовитото претпријатие во странство што ја покрива основачот		
8	Покриена загуба на мешовитото претпријатие во странство врз товар на основачот		
9	Вкупно остварена загуба на мешовитото претпријатие во странство што ја покрива основачот, од денот на основањето до крајот на извештајниот период		
10	Остварена загуба на мешовитото претпријатие во странство покриена врз товар на основачот, од денот на основањето до крајот на извештајниот период		
11	Просечен број на вработените работници во мешовитото претпријатие во странство врз база на состојбата кон крајот на месецот		
12	Просечен број на вработените странски работници во мешовитото претпријатие во странство врз база на состојбата кон крајот на месецот		

1	2	3	4
13	Просечен месечен чист личен доход на еден вработен работник во мешовитото претпријатие во странство		
14	Просечна месечна нето плата на еден вработен странски работник во мешовитото претпријатие во странство		

Раководител на книговодството, Директор,

Забелешки:

1. Во првиот дел на образецот под ред. бр. 1 до 12 се внесуваат податоци според состојбата на побарувањата и обврските на крајот на извештајниот период.

2. Во вториот дел на образецот под ред. бр. 11 до 14 се внесуваат податоци од извештајот на мешовитото претпријатие што го доставува до основачот. Ако од извештајот не можат да се обезбедат овие податоци, податоците под ред. бр. 11 и 13 ќе ги обезбеди основачот на мешовитото претпријатие, а податоците под ред. бр. 12 и 14 нема да се пополнуваат.

Ако во основањето на мешовитото претпријатие во странство учествуваат повеќе соосновачи од Југославија, податоците под ред. бр. 11 до 14, ги внесува само соосновачот од Југославија кој учествува со најголем основачки влог, а другите соосновачи не ги пополнуваат тие податоци.

131.

Врз основа на член 53 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ“, бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75 и 7/77), во спогодба со сојузниот секретар за пазар и цени, сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРИМЕНА НА ДАНОЧНИТЕ СТАПКИ И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА, ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Член 1

Во Правилникот за примена на даночните стапки и за начинот на водење евиденција, пресметување и плаќање на данокот на промет на производи и услуги („Службен лист на СФРЈ“, бр. 25/77 и 47/77) во член 6 став 4 се менува и гласи:

„Даночниот обврзник што производите ги продава на начинот од ст. 2 и 3 на овој член, должен е да ги води сите пропишани евиденции од кои може да се утврди кои производи и на кои купувачи им се продадени преку претставништва и други деловни единици надвор од неговото седиште и според член 33 став 1 од Законот да плаќа данок на промет на производи, пресметан врз таквиот промет — според местото во кое е седиштето на претставништвото или друга деловна единица што ја извршила продажбата на производите. Тие даночни обврзници се должни да ги обезбедат податоците од овој став во секое претставништво или друга деловна единица од ст. 2 и 3 од овој член.“

Во став 9 по зборовите: „вештачки безалкохолни пијалаци“ се додаваат запирка и зборовите: „сурово, пржено и мелено кафе и екстракт од кафе,“.

Член 2

Во член 11 став 1 на крајот се додава нова реченица, која гласи: „Даночниот обврзник може поединечни вредности од сите извршени работи од овој став да искаже во посебна спецификација која мора да биде датирана, потпишана и заверена со печатот од даночниот обврзник и која е составен дел на фактурата, со тоа што да е должен вкупната вредност на тие од спецификацијата посебно да ги искаже во фактурата.“.

Член 3

Во член 20 став 1 се додава реченица, која гласи: „Освежителните безалкохолни пијалаци што не спаѓаат во производите од чл. 68 до 73а од Правилникот за квалитетот на алкохолните и безалкохолните пијалаци, мразот и оцетот, не се сметаат како производи од овој став туку спаѓаат во производите од член 36 став 1 точка 5 на Законот.“.

Член 4

Во член 21 став 1 се додаваат две нови реченици, кои гласат: „На прометот на моторен бензин и на дизел-горива се пресметува и се плаќа само основниот данок на промет на производи и тоа на даночната основица што ја сочинува продажната цена на производителот на пумпна станица без намалувањето за рабати и други попусти. Организациите на здружен труд во областа на железничкиот сообраќај можат, согласно со точка 2 став 2 тар. број 2 од Тарифата, да набавуваат дизел-гориво Д-2 без плаќање данок на промет на производи за сите шински возила со погон на дизел-гориво.“.

Член 5

Во член 24 став 5 третата реченица се брише.

Член 6

Во член 25 став 5 се менува и гласи:

„Врз прометот на резервни делови за патнички автомобили, се плаќа основен данок на промет на производи според даночната стапка од тар. број 1 на Тарифата. Ако некој од производите е распореден во некој друг тарифен број на Тарифата, а истовремено претставува и резервен дел, основен данок на промет на производи се плаќа по стапката од тој друг тарифен број.“.

Член 7

Во член 26 став 2 зборовите: „Даночниот обврзник“ се заменуваат со зборовите: „Производителот, односно продавачот на големо што производите од став 1 на овој член им ги продава на трговските организации на здружен труд заради натамошна продажба.“.

Член 8

По член 64 се додава нов член 64а, кој гласи:

„Во прометот на преработки од тутун, како фактурирана реализација се смета само реализацијата содржана во фактурите за продажбата на големо што производителските и трговските организации на здружен труд ќе ја извршат во смисла на член 4 став 1 од овој правилник.

Под наплатени продадени производи во прометот на големо се подразбираат преработките од тутун наплатени во смисла на член 64 од овој правилник.

Под наплатени продадени производи во прометот на мало се подразбираат преработките од тутун што се продадени од продавници и други слични деловни единици што вршат продажба на производи на мало, за кои даночниот обврзник утврдува и плаќа аконтација на данокот на промет на производи така што за секоја продавница, односно друга слична деловна единица, за која во книговодството или во посебна вонкниговодствена евиденција води

податоци за состојбата и движењето на преработките од тутун по вредноста и распоредени по исти даночни стапки од тар. број 3 на Тарифата, плаќа во определен рок основен данок на промет на производи врз база на фактично продадените преработки од тутун за секои 15 дена во месецот.

Ако не е во можност да постапи во смисла на став 3 од овој член, даночниот обврзник е должен во книговодството или во вонкниговодствената евиденција да обезбеди податоци за вкупно задолжување со преработките од тутун за секоја продавница, односно друга слична деловна единица, распоредени по исти даночни стапки од тар. број 3 на Тарифата и за секои 15 дена во месецот да ги попише залихите на преработките од тутун во секоја таква продавница, односно друга слична деловна единица, и да уплати на фактично продадените преработки од тутун во тој период пропишан основен данок на промет на производи.

Ако не е во можност да постапи во смисла на чл. 3 и 4 од овој член, даночниот обврзник е должен за секои 15 дена во месецот да уплати во определен рок данок на промет на производи пресметан во смисла на член 22 став 2 точка 7 од Законот на сите количества и видови преработки од тутун што во тој период ѝ се испорачани на продавницата, односно на друга слична деловна единица, заради натамошна продажба на крајните потрошувачи.

Даночните обврзници што утврдуваат и плаќаат аконтација на основниот данок на промет на производи според ст. 4 и 5 од овој член, на денот на влегувањето во сила на овој правилник ќе ги попишат залихите на преработките од тутун во своите продавници и други слични деловни единици и ќе ја утврдат разликата во тој данок што се должни да ја уплатат најдоцна до 20 април 1978 година одеднаш или во пет еднакви рати почнувајќи со уплата од 20 февруари 1978 година."

Член 9

Во член 65 став 4, на крајот, зборовите: „(член 26 став 2 на Законот)" се заменуваат со зборовите: „(член 24 став 7 на Законот)".

Член 10

Во член 69 став 2 се менува и гласи:

„Даночните обврзници што поднесуваат пресметка полугодишно (член 26 став 1 од Законот) и даночните обврзници што поднесуваат тримесечни пресметки (член 26 став 2 на Законот) не составуваат посебни пресметки за второто полугодиште, односно за четвртото тримесечје, туку утврдените аконтации за полугодиштето, односно за тоа тримесечје, заедно со аконтациите од претходниот период — конечно ги пресметуваат со завршната сметка за изминатата година.".

Член 11

Во член 81 став 1 се менува и гласи:

„Даночните обврзници се должни, во смисла на чл. 64 и 69 од овој правилник, писмено да ја известат надлежната служба на општественото книговодство за избраниот начин на пресметување и плаќање на данокот на промет."

По став 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Новите даночни обврзници се должни писмено да ја известат надлежната служба на општественото книговодство во смисла на став 1 од овој член, во рок од 10 дена од денот кога станале даночни обврзници."

Член 12

Во образецот ПП-к Конечна пресметка на данокот на промет на производи и услуги за 19—— година, што е составен дел од Правилникот за примена на даночните стапки и за начинот на водење евиденција, пресметување и плаќање на данокот на промет на производи и услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/77), ред. бр. 82 до 86 се менуваат и гласат:

„1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
82	11	Уплатна сметка 840-2068 (83 до 86)	×	×	×						
83	11	Производи од точ. 1 и 20 на тар. број 11 од Тарифата		×					×	×	×
84	11	Производи од точ. 2, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 16, 17, и 18 на тар. број 11 од Тарифата		×					×	×	×
85	11	Производи од точ. 3 и 4 на тар. бро 11 од Тарифата		×					×	×	×
86	11	Производи од точка 15 на тар. број 11 од Тарифата		×					×	×	×"

Ред. бр. 87 до 101 се бришат.

Досегашните ред. бр. 102 до 217 стануваат ред. бр. 87 до 202.

Член 13

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 5-542/1
30 јануари 1978 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Момчило Цемовиќ, с. р.

132.

Врз основа на член 79 став 2 од Законот за средствата и финансирањето на Југословенската народна армија („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/74), во спогодба со сојузниот секретар за финансии, сојузниот секретар за народна одбрана издава

НАРЕДБА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОСЕБНИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ИНВЕСТИЦИОНАТА ОПРЕМА ПРИ ЧИЈА ИЗГРАДБА ИЛИ НАБАВКА НА ВЛОЖЕНИТЕ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА НАРОДНА АРМИЈА ДАНОЦИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ МОЖАТ ДА СЕ ВОВЕДУВААТ САМО СО СОЈУЗЕН ЗАКОН

1. Во Наредбата за определување на посебните капацитети и инвестиционата опрема при чија из-

градба или набавка на вложените парични средства на Југословенската народна армија даноци и други давачки можат да се воведуваат само со сојузен закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/76) во точка 1 под 1, на крајот, се додаваат запирка и зборовите: „како и капацитетите на други организации на здружен труд што се изградуваат, односно оспособуваат за производство на вооружување и воена опрема, во согласност со планот за развој и опремување на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.".

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 330/77
9 февруари 1978 година
Белград

Сојузен секретар за народна одбрана генерал на армија,
Никола Љубичиќ, с. р.

133.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „DIE WELT"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Die Welt", број 256 од 2 ноември 1977 година, што излегува на германски јазик во Хамбург, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/600
7 декември 1977 година
Белград

Заменик-сојузен секретар за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

134.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „NEWSWEEK"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на списанието „Newsweek", број 16 од 17 октомври 1977 година, што излегува на англиски јазик во Њујорк, Соединети Американски Држави.

Бр. 650-1-27/573
8 декември 1977 година
Белград

Заменик-сојузен секретар за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

135.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „FINANCIAL TIMES"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Financial Times", број 27392 од 25 октомври 1977 година, што излегува на англиски јазик во Лондон, Велика Британија.

Бр. 650-1-32/367
9 декември 1977 година
Белград

Заменик-сојузен секретар за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

136.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „DAILY MIRROR"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Daily Mirror", од 25 октомври 1977 година, што излегува на англиски јазик во Лондон, Велика Британија.

Бр. 650-1-32/365
9 декември 1977 година
Белград

Заменик-сојузен секретар за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

137.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „IL PICCOLO“

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Il Piccolo“, број 9457 од 28 октомври 1977 година, што излегува на италијански јазик во Трст, Италија.

Бр. 650-1-12/318
9 декември 1977 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

138.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „SÜDDEUTSCHE ZEITUNG“

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Süddeutsche Zeitung“, број 249 од 28 октомври 1977 година, што излегува на германски јазик во Минхен, Сојузна Република Германија.

Бр 650-1-22/595
9 декември 1977 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

139.

Врз основа на член 59 став 2 од Законот за заштита на растенијата од болести и штетници што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ“, бр. 49/76), претседателот на Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА СОЈУЗЕН ГРАНИЧЕН ИНСПЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

Член 1

Образецот на легитимацијата на сојузен граничен инспектор за заштита на растенијата (во натамошниот текст: легитимацијата) содржи:

1) на првата страна од кориците, на средина, втиснат грб на СФРЈ, а под грбот назив: „ЛЕГИТИМАЦИЈА на сојузен граничен инспектор за заштита на растенијата“;

2) на првата внатрешна страна од кориците: место за фотографија со големина 3×4 cm и место за потпис на имателот на легитимацијата;

3) на првата внатрешна страна, на врвот, натпис: „СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА“, а под тоа назив: „СОЈУЗЕН КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО“, како и место за запишување на регистарскиот број;

4) на втората внатрешна страна: место за запишување на презимето, татковото и личното име на работникот на кој му се издава легитимацијата; назив: „Сојузен комитет за земјоделство — Белград“, а под тоа: „гранична станица за заштита на растенијата“ и место за запишување на седиштето на таа станица; место за запишување на датумот на издавањето на легитимацијата, место за ставање отпечаток од службениот печат и место за потпис на овластеното лице за издавање на легитимацијата;

5) на третата и четвртата внатрешна страна отпечатено овластувањето од член 49 на Законот за заштита на растенијата од болести и штетници што ја загрозуваат целата земја.

Член 2

Образецот на легитимацијата е во кожен повез во темнокафеава боја, со големина 100×70 mm.

Член 3

Легитимацијата се печати на јазиците и писмата на народите и народностите на Југославија.

Член 4

Ако сојузен граничен инспектор за заштита на растенијата ја загуби легитимацијата или на друг начин остане без неа, должен е за тоа веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на исчезнувањето на легитимацијата, да го извести непосредниот старешина и исчезнувањето на легитимацијата писмено да го образложи.

Член 5

Сојузниот граничен инспектор за заштита на растенијата на кој ќе му престане работниот однос е должен легитимацијата да ја предаде при приемот на решението за престанување на работата.

Член 6

Образецот на легитимацијата е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 9-453/1
23 јануари 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
земјоделство,
Иво Куштрак, с. р.

(прва страна од корицата)

(ГРБ НА СФРЈ)

ЛЕГИТИМАЦИЈА

на сојузен граничен инспектор за заштита на растенијата

(прва внатрешна страна од корицата)

фотографија 3×4 cm

(потпис на имателот на легитимацијата)

(прва внатрешна страна)

СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

СОЈУЗЕН КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Рег. број: _____

(втора внатрешна страна)

_____

(презиме, татково име и лично име)

Сојузен комитет за земјоделство — Белград

Гранична станица за заштита на растенијата

_____

_____

(датум на издавањето)

(М. П.)

_____

(потпис на лицето овластено за издавање на легитимацијата)

(трета внатрешна страна)

Извод од

Законот за заштита на растенијата од болести и штетници што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 — член 49).

(четврта внатрешна страна)

Извод од

Законот за заштита на растенијата од болести и штетници што ја загрозуваат целата земја

140.

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/76), претседателот на Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА СОЈУЗЕН ГРАНИЧЕН ВЕТЕРИНАРСКИ ИНСПЕКТОР

Член 1

Образецот на легитимацијата на сојузен граничен ветеринарски инспектор (во натамошниот текст: легитимацијата) содржи:

1) на првата страна од кориците, на средината, втиснат грб на СФРЈ, а под грбот назив: „ЛЕГИТИМАЦИЈА на сојузен граничен ветеринарски инспектор";

2) на првата внатрешна страна од кориците: место за фотографија со големина 3×4 cm и место за потпис на имателот на легитимацијата;

3) на првата внатрешна страна, на врвот, натпис: „СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА", а под тоа назив: „СОЈУЗЕН КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО", како и место за запишување на регистарскиот број;

4) на втората внатрешна страна: место за запишување на презимето, татковото и личното име на работникот на кој му се издава легитимацијата; назив: „Сојузен комитет за земјоделство — Белград", а под тоа назив: „Гранична ветеринарска станица" и место за запишување на седиштето на таа станица; место за запишување на датумот на издавањето на легитимацијата, место за ставање отпечаток од службениот печат и место за потпис на лицето овластено за издавање на легитимацијата;

5) на третата и четвртата внатрешна страна отпечатено овластувањето од член 37 на Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја.

Член 2

Образецот на легитимацијата е во кожен повез во сина боја, со големина 100×70 mm.

Член 3

Легитимацијата се печати на јазиците и писмата на народите и народностите на Југославија.

Член 4

Ако сојузен граничен ветеринарски инспектор ја загуби легитимацијата или на друг начин остане без неа, должен е за тоа веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на исчезнувањето на легитимацијата, да го извести непосредниот старешина и исчезнувањето на легитимацијата писмено да го образложи.

Член 5

Сојузниот граничен ветеринарски инспектор на кој ќе му престане работниот однос е должен легитимацијата да ја предаде при приемот на решението за престанувањето на работата.

Член 6

Образецот на легитимацијата е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 9-455/1
23 јануари 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за земјоделство,
Иво Куштрак, с. р.

(прва страна од кориците)

(ГРБ НА СФРЈ)

ЛЕГИТИМАЦИЈА

на сојузен граничен ветеринарски инспектор

(прва внатрешна страна од кориците)

фотографија
3×4 cm

(потпис на имателот на легитимацијата)

(прва внатрешна страна)

СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

СОЈУЗЕН КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Рег. број: ————

(втора внатрешна страна)

————

(презиме, татково име и лично име)

Сојузен комитет за земјоделство — Белград

Гранична ветеринарска станица

————

————

(датум на издавањето)

(М. П.)

————

(потпис на лицето овластено за издавање на легитимацијата)

(трета внатрешна страна)

Извод од

Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ“, бр. 43/76 — член 37).

(четврта внатрешна страна)

Извод од

Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја.

141.

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ“, бр. 43/76), претседателот на Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА СОЈУЗЕН ВЕТЕРИНАРСКИ ИНСПЕКТОР

Член 1

Образецот на легитимацијата на сојузен ветеринарски инспектор во (натамошниот текст: легитимацијата) содржи:

1) на првата страна од кориците, на средината, втиснат грб на СФРЈ“, а под грбот назив: „ЛЕГИТИМАЦИЈА на сојузен ветеринарски инспектор“;

2) на првата внатрешна страна од кориците место за фотографија со големина 3 × 4 cm и место за потпис на имателот на легитимацијата;

3) на првата внатрешна страна, на врвот, натпис: „СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА“, а под тоа назив: „СОЈУЗЕН КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО“, како и место за запишување на регистарскиот број;

4) на втората внатрешна страна: место за запишување на презимето, татковото име и личното име на работникот на кој му се издава легитимацијата; назив: „Сојузен комитет за земјоделство — Белград“; место за запишување на датумот на издавањето на легитимацијата, место за ставање отпечаток од службениот печат и место за потпис на лицето овластено за издавање на легитимацијата;

5) на третата и четвртата внатрешна страна отпечатено овластувањето од чл. 42 и 43 на Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја.

Член 2

Образецот на легитимацијата е во кожен повез во сина боја, со големина 100×70 mm.

Член 3

Легитимацијата се печати на јазиците и писмата на народите и народностите на Југославија.

Член 4

Ако сојузен ветеринарски инспектор ја загуби легитимацијата или на друг начин остане без неа, должен е за тоа веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на исчезнувањето на легитимацијата, да го извести непосредниот старешина и исчезнувањето на легитимацијата писмено да го образложи.

Член 5

Сојузниот ветеринарски инспектор на кој ќе му престане работниот однос е должен легитимацијата да ја предаде при приемот на решението за престанување на работата.

Член 6

Образецот на легитимацијата е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 9-456/1
23 јануари 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за земјоделство,
Иво Кунтрак, с. р.

(прва страна од кориците)

(ГРБ НА СФРЈ)

ЛЕГИТИМАЦИЈА

на сојузен ветеринарски инспектор

(прва внатрешна страна од кориците)

фотографија
3×4 cm

(потпис на имателот на легитимацијата)

(прва внатрешна страна)

СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

СОЈУЗЕН КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Рег. број: ———

(втора внатрешна страна)

———

(презиме, татково име и лично име)

Сојузен комитет за земјоделство — Белград

———

(датум на издавањето)

(М.П.)

———

(потпис на лицето овластено за издавање на легитимацијата)

(трета внатрешна страна)

Извод од

Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ“, бр. 43/76 — член 42).

(четврта внатрешна страна)

Извод од

Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја (член 42)

142.

Врз основа на член 16 став 7 од Законот за заштита на животните од заразни болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ“, бр. 43/76), претседателот на Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА УВЕРЕНИЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ

Член 1

Уверението за здравствената состојба на животните (во натамошниот текст: уверението) за копитарите, чапункарите и живината се издава на образецот што е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Обрасците на уверението мораат да бидат поврзани во блокови од по 50 парчиња и копиите на уверението, што остануваат во блокот, служат како евиденција за издадените уверенија најмалку три години од денот на издавањето на последното уверение во блокот.

Член 2

Образецот на уверението се пополнува читливо со хемиски молив или со мастило.

Лицето овластено за издавање на уверението мора уверението да го потпише своерачно.

Кон своерачниот потпис на лицето овластено за издавање на уверението мора да биде втиснат штембил со неговото име и презиме и ставен печат на органот што го издава уверението.

Член 3

Уверението за крупни животни (копитари, говеда и биволи) се издава за секое животно посебно (поединечно уверение). Ако крупните животни се обележени (со ушна маркица, длакорез, жиг на копитото или рогот и сл.) може да се издаде едно уверение за повеќе такви животни од ист вид (групно уверение).

Доенчиња од копитари, говеда и биволи се запишуваат во уверението на мајката.

За ситни животни (овци, кози, свињи и живина) се издава, по правило, групно уверение ако тие животни се од ист вид.

Член 4

Во текот на годината во која е издадено уверението, се издава ново уверение:

1) ако врз основа на групно уверение е издадено поединечно уверение или ако врз основа на поединечни уверенија е издадено групно уверение;

2) ако на уверението нема место за натамошно продолжување на неговото важење или ако уверението е толку оштетено што да станало неупотребливо.

Од групното уверение можат да се отпишат само животни што се отуѓени (подарок, продажба и сл.) заклани, пцовисани, убиени или исчезнати.

Член 5

Дупликат на уверение се издава ако уверението исчезнало (загубено, уништено, украдено и сл.).

Врз дупликатот на уверението се става со црвен хемиски молив ознаката: „ДУПЛИКАТ“.

Член 6

Уверението важи 10 дена од денот на издавањето, односно од денот на продолжувањето на неговото важење.

Важењето на уверението може да се продолжи најдолго за една година од денот на издавањето на уверението.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за уверението за здравствената состојба на добитокот („Службен лист на СФРЈ“. бр. 43/65).

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 9-500/1
8 јануари 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
земјоделство,
Иво Кушпрак, с. р.

(Место за штембил на органот надлежен за издавање уверение за здравствената состојба на животните)

ПОДАТОЦИ ШТО ГИ ДАВА СОПСТВЕНИКОТ-КОРИСНИКОТ НА ЖИВОТНОТО

Презиме и име на сопственикот, односно на корисникот на животното:	број на личната карта
Адреса на сопстеникот, односно корисникот на животното:	
Место на престојот на животното:	
Податоци за животното:	парчиња (со цифри и букви) вид пол боја старост
Особени знаци на животното:	
Извршено пелцување (против што и датум:	
Дијагностички испитано (на што датум и број):	
Извршен ветеринарски преглед (дијагноза и датум):	
Поранешно уверение (број на уверението и кој го издал):	

Врз основа на член 16 од Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/76) се издава

УВЕРЕНИЕ

ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ

Со ова уверение се потврдува дека во местото на потеклото на горенаведените животни во време на издавањето на ова уверение не постоела ниту била утврдена заразна болест што може да се пренесе со тој вид животни.

Ова уверение важи 10 (десет) дена од денот на издавањето, односно од денот на продолжувањето на уверението, а може да се продолжува најдолго една година од денот на издавањето.

Серија ————————
и број на уверението —
Датум ———— 19 —
Општина ————————
Место ————————

Потпис на лицето овластено за издавање на уверението,

143.

Врз основа на член 135 точка 1а од Законот за основите на системите за врски („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/74 и 29/77), во спогодба со претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ТЕХНИЧКИТЕ И ЕКСПЛОАТАЦИОНИТЕ УСЛОВИ ПОД КОИ МОЖАТ ДА СЕ КОРИСТАТ РАДИОДИФУЗНИ СТАНИЦИ ЗА ЕМИСИИ НА ЦРНО-БЕЛА ТЕЛЕВИЗИЈА И ТЕЛЕВИЗИЈА ВО БОЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат фреквенциските опсези и канали за емисии на црно-бела телевизија и телевизија во боја (во натамошниот текст: телевизија) и се пропишуваат минималните вредности на приемниот сигнал и неговата заштита, широчината на емисијата и техничките карактеристики на предавателот и претворачот за овие емисии, заради обезбедување на другите радиослужби и емисии за црно-бела телевизија (во натамошниот текст: црно-бела телевизија) и на емисиите на теливизијата во боја (во натамошниот текст: телевизија во боја) непречен прием.

Член 2

Одредбите од овој правилник се однесуваат на сите носители на правото на располагање на радиодифузен пренос на телевизија, како и на производителите и увозниците на предаватели и претворачи за тие емисии.

Член 3

Долунаведените изрази, во смисла на овој правилник, ги имаат следните значења:

1) сигнал на слика во боја е сигналот што содржи информација на слика во боја и што се добива со нејзино анализирање;

2) видео-сигнал бои е сигналот што ги содржи сите основни сигнали потребни за синтеза на сликата во боја, сигнал на сјајност, сигнал на бојата, импулси за потиснување, сигнал на синхронизација итн.;

3) сигнал на сјајноста е сигналот што ја карактеризира сјајноста на сликата;

4) видео-фреквенции се фреквенциите на спектралните компоненти на видео-сигналот;

5) линиска фреквенција (хоризонтална фреквенција) е бројот на линиите во секунда, при анализа или репродукција на телевизиска слика;

6) помошен носител на бојата е сигналот сместен внатре во фреквенцискиот опсег на сигналот на сјајноста и што е модулиран така што да дава сигнал на бојата;

7) диференцијално потсилување на сигналот е разликата во потсилувањето на различни нивоа на сјајност;

8) диференцијална фаза на сигнал е разликата во фазниот став на различни нивоа на сјајност;

9) сигнал на пречка (попречувачки сигнал) е несаканиот електричен сигнал што се појавува на местото на приемот покрај корисниот сигнал;

10) нормално поместување на фреквенцијата е она поместување кај кое разликата помеѓу номиналните фреквенции на носителот на сликата е цела умношка 1/12 од линиската фреквенција, при што точноста на фреквенцијата на носителот е ± 500 Hz;

11) прецизно поместување на фреквенцијата е она поместување кај кое разликата помеѓу номиналните фреквенции на носителот на сликата е цела умношка на 1/12 од линиската фреквенција, при што точноста на фреквенцијата на носителот е ± 1 Hz;

12) телевизиски предавател е:

— амплитудно модулиран предавател за слика со делумно потиснат долен бочен опсег;

— фреквенциски модулиран предавател за тон. Ако постои свртница, се смета како составен дел на телевизискиот предавател;

13) телевизиски претворач е заедничката група на склопови (влезен потсилувач, осцилатори, мешачи, меѓуфревенциски потсилувачи, излезен потсилувач, склопови за регулација и други склопови) со помош на кои е можно телевизискиот сигнал примен на еден канал да се испрати на друг канал;

14) сила на предавателот за сликата е ефективната изѕрачена сила (E.R.P.) во времето на синхроимпулсот (врвна сила), а силата на предавателот за тон е вредноста на силата на немодулираниот носител;

15) заштита на корисниот телевизиски сигнал е односот на корисниот и попречувачкиот сигнал на влезот на телевизискиот приемник;

16) вештачка антена е оклопеното оптоварување што се приклучува кон предавателот заради мерење и ја заменува фактичната антена;

17) паразитни осцилации се оние осцилации чија фреквенција е надвор од потребната широчина на опсегот на емисијата, а чие ниво може да се намали без влијание врз преносот на корисните информации;

18) еквивалентна сила на зрачење на предавателот за слика со затворена врата е силата на помошниот предавател што го напојува полубранов дипол на местото на предавателот за слика, а кој на кое и да било место на приемот на сигналот на телевизискиот предавател за слика произведува сила на електро-магнетно поле иста како предавател со затворена врата и со добро оклопена вештачка антена.

II. ФРЕКВЕНЦИСКИ ОПСЕЗИ, КАНАЛИ И ТОЧНОСТ НА ФРЕКВЕНЦИЈАТА

Член 4

Телевизиските предаватели и претворачи што работат во фреквенциското подрачје VHF (I опсег) користат фреквенциски опсег од 47 до 68 MHz.

Член 5

Фреквенцискиот опсег од 47 до 68 MHz содржи три канала со фреквенции на носителот на сликата и на носителот на тонот, и тоа:

Канал	Опсег на фреквенцијата (MHz)	Носечка фреквенција на сликата (MHz)	Носечка фреквенција на тонот (MHz)
1	2	3	4
2	47 до 54	48,25	54,75
3	54 до 61	55,25	60,75
4	61 до 68	62,25	67,75

Член 6

Телевизиските предаватели и претворачи што работат во фреквенциското подрачје VHF (III опсег) користат фреквенциски опсег од 174 до 230 MHz.

Член 7

Фреквенцискиот опсег од 174 до 230 MHz содржи осум канали со фреквенции на носителите на сликата и тонот, и тоа:

Канал	Опсег на фреквенцијата (MHz)	Носечка фреквенција на сликата (MHz)	Носечка фреквенција на тонот (MHz)
1	2	3	4
5	174 до 181	175,25	180,75
6	181 до 188	182,25	187,75
7	188 до 195	189,25	194,75
8	195 до 202	196,25	201,75
9	202 до 209	203,25	208,75
10	209 до 216	210,25	215,75
11	216 до 223	217,25	222,75
12	223 до 230	224,25	229,75

Член 8

Телевизиските предаватели и претворачи што работат во фреквенциско подрачје UHF (IV опсег) користат фреквенциски опсег од 470 до 582 MHz.

Член 9

Фреквенцискиот опсег од 470 до 582 MHz содржи четириниаесет канали со фреквенции на носителите на сликата и тонот, и тоа:

Канал	Опсег на фреквенцијата (MHz)	Носечка фреквенција на сликата (MHz)	Носечка фреквенција на тонот (MHz)
1	2	3	4
21	470 до 478	471,25	476,75
22	478 до 486	479,25	484,75
23	486 до 494	487,25	492,75
24	494 до 502	495 25	500,75
25	502 до 510	503,25	508,75
26	510 до 518	511,25	516,75
27	518 до 526	519.25	524,75
28	526 до 534	527,25	532,75
29	534 до 542	535.25	540,75
30	542 до 550	543,25	548 75
31	550 до 558	551,25	556,75
32	558 до 566	559.25	564,75
33	566 до 574	567,25	572,75
34	574 до 582	575,25	580,75

Член 10

Телевизиските предаватели и претворачи што работат во фреквенциското подрачје UHF (V опсег) користат фреквенциски опсег од 582 до 862 MHz.

Член 11

Фреквенцискиот опсег од 582 до 862 MHz содржи триесет и пет канали со фреквенциите на носителот на сликата и тонот, и тоа:

Канал	Опсег на фреквенцијата (MHz)	Носечка фреквенција на сликата (MHz)	Носечка фреквенција на тонот (MHz)
1	2	3	4
35	582 до 590	583,25	586,75
36	590 до 598	591,25	595,75
37	598 до 606	599,25	604,75
38	606 до 614	607,25	612,75
39	614 до 622	615,25	620,75
40	622 до 630	623,25	628,75
41	630 до 638	631,25	636 75
42	638 до 646	639,25	644,75
43	646 до 654	647,25	652,75
44	654 до 662	655,25	660,75
45	662 до 670	663,25	668,75
46	670 до 678	671,25	676,75
47	678 до 686	679 25	684,75
48	686 до 694	687,25	692,75
49	694 до 702	695,25	700,75
50	702 до 710	703,25	708,75
51	710 до 718	711,25	716,75
52	718 до 726	719,25	724,75
53	726 до 734	727,25	732,75
54	734 до 742	735,25	740,75
55	742 до 750	743,25	748,75
56	750 до 758	751,25	756,75
57	758 до 766	759,25	764,75
58	766 до 774	767,25	772,75
59	774 до 782	775,25	780,75
60	782 до 790	783,25	788,75
61	790 до 798	791,25	796,75
62	798 до 806	799,25	804,75
63	806 до 814	807,25	812,75
64	814 до 822	815,25	820,75
65	822 до 830	823,25	828,75
66	830 до 838	831,25	836,75
67	838 до 846	839,25	844,75
68	846 до 854	847,25	852,75
69	854 до 862	855,25	860,75

Член 12

За основните телевизиски предаватели со максимална сила на зрачење (E.R.P.) на предавателот за слика повисока од 1 kW во подрачјето на фреквенцијата VHF, односно од 10 kW во подрачјето на фреквенциите на UHF поделба на радиоканалите по локациите е утврдена со Завршниот документ на Европската VHF/UHF радиодифузна конференција, одржана во Стокхолм во 1961 година.

Член 13

За дополнителните телевизски предаватели и претворачи со максимална сила на зрачење (E.R.P.) пониска од 1 kW во подрачјето на фреквенцијата VHF, односно од 10 kW во подрачјето на фреквенциите UHF поделба на каналите по локации се врши во согласност со планот за поделбата и користење на фреквенциите во Југославија.

Член 14

Заради намалување на меѓусебните пречки при работата на ист канал, основните предаватели на сликата и тонот мораат да работат со нормално поместување на фреквенцијата. За телевизиските предаватели за сликата нормалното поместување е утврдено со завршниот документ на Европската VHF/UHF радиодифузна конференција.

Член 15

Телевизиските предаватели мораат да работат со прецизно поместување на фреквенцијата на ист канал ако се појават меѓусебно пречки во зоната на покривањето како последица на отстапување од планираните вредности на јачината на електромагнетното поле.

Телевизиските претворачи мораат да работат со нормално поместување на фреквенцијата на ист канал ако се предвидуваат пречки при планирањето или ако се појават меѓусебни пречки во зоната на покривањето како последица на отстапување од планираните вредности на јачината на електромагнетното поле.

Носителите на правото на располагање со радиодифузен пренос на телевизија, во случај на појава на пречките од ст. 1 и 2 од овој член, ќе се договорат за поместувањето на фреквенцијата заради отстранување на пречките.

Член 16

Поместувањето на фреквенцијата на предавателот за сликата и на предавателот за тонот, по правило, е исто.

Член 17

Толеранцијата на фреквенцијата на телевизискиот сигнал на сликата изнесува:

1) за нормално поместување ± 500 Hz;
2) за прецизно поместување ± 1 Hz;

Точноста на хоризонталната фреквенција при употреба на нормално или прецизно поместување мора да биде поголема од ± 10^{-6}.

Член 18

Максималната девијација на фреквенцијата во процесот на модулацијата на предавателот за тонот не смее да биде поголема од ± 50 kHz.

Член 19

Разликата помеѓу централната фреквенција FM сигналот на тонот при 100% модулација (± 50 kHz) и централната фреквенција во отсуство на модулацијата не смее да биде поголема од ± 200 Hz.

III. ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СИСТЕМОТ НА ТЕЛЕВИЗИЈАТА

Член 20

За телевизијата во фреквенциско подрачје VHF (I и III опсег) се употребува телевизиската норма B (CCIR), а во фреквенциското подрачје UHF (IV и V опсег) — теливизиската норма G (CCIR).

Основните карактеристики на системите B и G се:

Реден број	Карактеристика	Вредност
1	2	3
1)	број на линиите во сликата	625
2)	фреквенција на полусликите, вертикална фреквенција (број на полуслики/sec)	50
3)	проред	2 : 1
4)	фреквенција на сликите (број на сликите/sec)	25
5)	линиска фреквенција, хоризонтална фреквенција (број на линии/sec) и толеранција за несинхрона работа:	
	— за црно-бела телевизија	15.625 Hz ± 0,02%
	— за телевизија во боја	15.625 Hz ± 0,0001%
6)	номинални нивоа на видео-сигналите според сликата бр. 1 во процент:	
	— ниво на синхронизацијата (референтно ниво)	0
	— ниво на потиснување	30
	— ниво на бело	100
7)	размер на сликата	4/3
8)	анализа на линијата од лево на десно, анализа на полусликата од врвот кон дното	
9)	систем способен да работи независно од фреквенцијата на напојувањето	
10)	претпоставено гама катодна цевка на приемникот за преткорекција на црно-белиот сигнал	2,8 ± 0,3
11)	номинална широчина на видео опсег (MHz)	5



1 — ниво на потискувањето
2 — ниво на белото
3 — ниво на синхронизацијата
4 — постамент
5 — референтен носител (врв-врв)

Слика бр. 1

Член 21

Карактеристики на сигналот на хоризонтална синхронизација за системот B и G (слика бр. 1) се:

Ознака	Карактеристика	Вредност
1	2	3
	Номинално траење на линијата (μs)	64
a	Траење на импулсот за потиснување (μs)	12 ± 0,3
b	Интервал помеѓу хоризонталното почетно време (O_H) и последниот раб на линискиот импулс за потиснување (μs)	10,5
c	Траење на предната скала (μs)	1,5 ± 0,3
d	Траење на синхроимпулсот (μs)	4,7 ± 0,2
e	Време на подемот (10 до 90%) на работ на линискиот импулс за потиснување (μs)	0,3 ± 0,1
f	Време на подемот (10 до 90%) на линискиот синхроимпулс (μs)	0,2 ± 0,1

Вредности од табелата од став 1 на овој член се вредности помеѓу точките на половината од амплитудата на соодветните рабови на импулсите.

Член 22

Карактеристики на сигналот на вертикалната синхронизација за системот B и G (слики бр. 2а, 2б и 2в) се:

Ознака	Карактеристика	Вредност
1	2	3
	Траење на полусликата (μs)	20
j	Траење на интервалите на потиснувањето на полусликите (за H и a важи одредбата на член 21)	25 H + a
	Време на подемот (10 до 90%) на вертикалниот импулс за потиснување (μs)	0,3 ± 0,1
e	Траење на првата поворка на импулсите за изедначување	2,5 H
m	Траење на поворката на синхроимпулсите	2,5 H
n	Траење на втората поворка на импулсите за изедначување	2,5 H
p	Траење на импулсот за изедначување (μs)	2,35 ± 0,1
q	Траење на вертикалниот синхроимпулс (μs)	27,3
r	Интервал помеѓу вертикалните синхроимпулси (μs)	4,7 ± 0,2
s	Време на подемот (10 до 90%) на синхроимпулсот и импулсот за изедначување (μs)	0,2 ± 0,1

Вредностите од табелата од став 1 на овој член се вредности помеѓу точките на половината на амплитудата на соодветните рабови на импулсите.

А. Сигнал на почетокот на секоја прва полуслика



Втора полуслика Прва полуслика

Да се види сликата бр. 2а

Слика бр. 2а

Б. Сигнал на почетокот на секоја втора полуслика



Прва полуслика Втора полуслика

Да се види сликата бр. 2в

Слика бр. 2б

Забелешки кон сликите бр. 2а и 2б:

1. ΛΛΛ Означува непрекината поворка на рабовите на линиските синхроимпулси за време на вертикалниот импулс за потиснување.
2. На почетокот на секоја прва полуслика, работ на вертикалниот синхроимпулс (O_V) се поклопува со работ на хоризонталниот синхроимпулс.
3. На почетокот на секоја втора полуслика, работ на вертикалниот синхроимпулс (O_V) паѓа во средината помеѓу линиските синхроимпулси.

В. Детали на синхроимпулсот и импулсот за изедначување



Слика бр. 2в

Линиите 16 и 22, односно 329 до 334 во периодот на импулсот за потиснување можат да се користат за посебни намени. Тие линии се користат за:

	Линија
1) пренос на податоци	16 (329)
2) пренос на интернационални испитни сигнали	17 (330) и 18 (331)
3) пренос на национални сигнали	19 (332), 20 (333) и 21 (334)
4) мерење на шум	22 (335)

19-та и 332 линија се користат за пренос на точно време и фреквенција.

Член 23

Карактеристики на видео-сигналите на боја (систем PAL) се:

Ред. бр.	Карактеристика	Вредност
1	2	3
1	Координати на примарните бои	Црвена x = 0,64 y = 0,33 Зелена x = 0,29 y = 0,60 Сина x = 0,15 y = 0,06
2	Координати на боите за еднакви примарни сигнали $E'_R = E'_G = E'_B$	Бела D_{65} x = 0,313 y = 0,329
3	Претпоставено гама катодна цевка на приемникот за претходната корекција на примарни сигнали	2,8
4	Сигнал на сјајноста	$E'_Y = 0{,}299\ E'_R + 0{,}587\ E'_G + 0{,}114\ E'_B$ E'_R, E'_G и E'_B се гама коригирани сигнали
5	Сигнал на бојата	$E'_U = 0{,}493\ (E'_B - E'_Y)$ $E'_V = 0{,}877\ (E'_R - E'_Y)$
6	Слабеење на сигналот на бојата	dB MHz E'_U < 3 на 1,3 E'_V > 20 на 4
7	Равенка на сложениот видео-сигнал на бојата	$E'_M = E'_Y + E'_U \sin 2\pi f_{sc} t \pm E'_V \cos 2\pi f_{sc} t$ каде што е: E'_Y (да се види точка 4 од оваа табела) E'_U и E'_V (да се види точка 5 од оваа табела) f_{sc} (да се види точка 9 од оваа табела) Предзнакот на компонентата E'_V е ист како и помошниот носител — се менува од линија до линија (да се види точка 14 од оваа табела и сликата бр. 3).
8	Вид на модулацијата на помошниот носител на сигналот на бојата: Амплитудна модулација, со потиснат носител, два помошна носителa во квадратура	
9	Фреквенција на помошниот носител: — номинална вредност на толеранцијата (Hz) — однос помеѓу фреквенцијата на помошниот носител f_{sc} и линиската фреквенција f_H	4 433 618,75 ± 5,0 $f_{sc} = (1135/4 + 1/625)\ f_H$
10	Номинален фреквенциски спектар на модулираниот помошен носител (KHz)	f_{sc} +570 / −1300
11	Амплитуда на модулиран помошен носител	$G = \sqrt{E'^2_U + E'^2_V}$

1	2	3
12	Синхронизација на бојата со референти носители:	
	— почеток на референтниот носител (слика бр. 1) (μs)	5,6 ± 0,1 по секое хоризонтално почетно време
	— траење на референтниот носител (слика бр. 1) (μs)	2,25 ± 0,23 (10 ± 1 синусоиди)
13	Амплитуда на референтниот носител од врв до врв (слика бр. 1)	3/7 од разликата помеѓу нивото на потиснувањето и нивото на белото ± 10%
14	Фазен состав на референтниот носител	135° во однос на оската E'_U со следниот предзнак (слика бр. 3 и 4):
		Полуслика Линија 1 2 3 4 парна — — + + непарна + + — —
15	Потиснување на референтниот носител: 9 линии на интервалот на потиснувањето на полусликата:	линии 311 до 319 623 до 6 310 до 318 625 до 5 (да се види сликата бр. 4)
16	Синхронизација на промената на фазата на референтниот носител: со помош на E'_V компонентата на референтниот носител (точка 14).	



B — фазен состав на референтниот носител во непарните линии на првата и втората полуслика и во парните линии на третата и четвртата полуслика

$\overline{B}$ — фазен состав на референтниот носител во парните линии на првата и втората полуслика и во непарните линии на третата и четвртата полуслика

Слика бр. 3



O_V — почетно време на вретикалната синхронизација

I, II, III, IV — прва, втора, трета и четврта полуслика

A — фазен став на референтниот носител: номинална вредност + 135°

B — фазен став на референтниот носител: номинална вредност — 135°

C — интервал на потиснувањето на референтниот носител

Слика бр. 4

Член 24

Радиофреквенциски карактеристики на системите B и G се:

Реден број	Карактеристика	Вредност
1	2	3
1	Номинална широчина на радиофреквенцискиот канал (MHz)	B : 7 G : 8
2	Растојание на фреквенцијата на носителот на сликата и на носителот на тонот (MHz)	5,5
3	Растојание на фреквенциите на носителот на сликата и поблиски рабови на каналот (MHz)	—1,25
4	Номинална широчина на главниот бочен опсег (MHz)	5
5	Номинална широчина на делумно потиснатиот бочен опсег (MHz)	0,75
6	Минимално слабеење на потиснатиот бочен опсег (dB)	20 за — 1,25 MHz 20 за — 3,00 MHz 30 за — 4,43 MHz
7	Вид на видео-модулација и потребна широчина на пропустливиот опсег: негативни амплитудни модулации со потиснат долен бочен опсег и потребна широчина на пропустливиот опсег од	6,25
8	Ниво на синхроимпулсот изразено во проценти на врвната вредност на носителот (%)	100

1	2	3
9	Ниво на импулсот за замрачување изразено во проценти на врвната вредност на носителот (%)	75 + 2,5
10	Разлика на нивото на црното и нивото на замрачувањето изразена во проценти на врвната вредност на носителот (%)	0
11	Врвна вредност на белото изразена во проценти на врвната вредност на носителот (%)	10 — 12,5
12	Вид на тонската модулација и потребна широчина на пропустливиот опсег: фреквенциска модулација со потребната широчина на пропустливиот опсег	134 kHz
13	Максимална девијација на фреквенцијата на предавателот за тон (kHz)	± 50
14	Истакнување на високите тонски преквенции (μs)	50
15	Однос на изразените сили на предавателот на сликата и тонот	10/1
16	Крива линија на претходната корекција на групно доцнење на приемникот	Според сликата бр. 5



Слика бр. 5

НОМИНАЛНИ ВРЕДНОСТИ И ТОЛЕРАНЦИИ

Фреквенција (MHz)	Групно доцнење (ns)
0,25	+ 5 ± 0
1,00	+ 53 ± 40
2,00	+ 90 ± 40
3,00	+ 75 ± 40
3,75	0 ± 40
4,43	— 170 ± 40
4,80	— 400 ± 90

IV. МИНИМАЛНИ ВРЕДНОСТИ НА ПРИЕМНИОТ СИГНАЛ И НЕГОВА ЗАШТИТА

Член 25

Минималната вредност на средната јачина на полето на телевизискиот сигнал, за одделни фреквенциски опсези е дадена во Табелата бр. 1.

Табела бр. 1

Опсег	I	II	III	IV
1	2	3	4	5
Јачина на полето (dBμV/m)	+ 48	+ 55	+ 65	+ 70

Вредностите во табелата претставуваат полиња на 10 m височина над земјата.

Заштитата на сигналот од горната табела важи за 50% од приемните места и за процентот на времето помеѓу 90% и 99%.

Член 26

Минималната заштита на корисниот телевизиски сигнал за 1% до 10% од времето изнесува:

1) за растојание помеѓу фреквенцијата на попречувачкиот и корисниот сигнал помало од 1 kHz : 45 dB.

2) за предавателите со нормално или прецизно поместување, според Табелата бр. 2.

Табела бр. 2

Вид на поместување	Вид на пречка	Поместување (x 1/12 f_H)												
		0	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
1	2	3												
Нормално	T	45	44	40	34	30	28	27	28	30	34	40	44	45 dB
	C	52	51	46	43	40	36	33	36	40	43	48	51	52 dB
	LP	60	60	57	54	50	45	42	45	50	54	57	60	60 dB
Прецизно	T	30	34	30	26	22	22	24	22	22	26	30	34	30 dB
	C	36	38	34	30	27	27	30	27	27	30	34	38	36 dB
	LP	45	44	40	36	36	39	42	39	36	36	40	44	45 dB

каде што е:

T = тропосферска пречка, 1% до 10% од времето (референца 30 dB за 8/12 од линиската фреквенција)

C = постојани пречки (референца 40 dB за 8/12 од линиската фреквенција)

LP = праг на забележување на пречките.

Член 27

Минималната заштита на корисниот телевизиски сигнал за 1% до 10% од времето, изнесува:

1) за попречувачкиот сигнал од горниот соседен канал — 12 dB;

2) за попречувачкиот сигнал од долниот соседен канал — 6 dB.

Член 28

Минималната заштита од попречувачкиот немодулиран или фреквенциски модулиран сигнал, за 1% до 10% од времето, а кој упаѓа во телевизискиот канал е дадена на сликата бр. 6. Ако сигналот на пречката е амплитудно модулиран, вредноста на заштитата треба да се зголеми за 4 dB.



Слика бр. 6

V. ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕЛЕВИЗИСКИОТ ПРЕДАВАТЕЛ

А. Заеднички одредби

Член 29

Во радиодифузијата може да се користи само телевизиски предавател што ги има техничките карактеристики пропишани со овој правилник.

Член 30

Силите на предавателот наведени во овој правилник се сили на влезот во антенскиот вод.

Член 31

Телевизискиот предавател мора да издржи модулација со црна слика и со произволна модулација на тонот во траење од 24 часа.

Член 32

Телевизискиот предавател мора да биде оспособен да продолжи со работа веднаш по престанувањето на грешката на влезниот сигнал.

Член 33

Телевизискиот предавател мора да биде изработен така што да ги има техничките карактеристики пропишани со овој правилник под услов да е:

1) отстапувањето на мрежниот напон од номиналната вредност со употреба на стабилизатор помеѓу +5% и —10% (не се однесува на вредностите за силата на предавателот);

2) отстапувањето на фреквенцијата на мрежата од номиналната вредност (50 Hz) за ± 2%;

3) надморската височина до 2000 m;

4) температурата на амбиентот од + 5°C до + 35°C;

5) релативната влажност во работната просторија до 90% кај мах. 26°C;

6) јачината на високофреквентното електрично поле во работната просторија на која и да било фреквенција до 10 V/m;

7) јачината на магнетното поле во работната просторија предизвикано од фреквенцијата на мрежата 4A/m.

Вредностите наведени во точ. 6 и 7 став 1 од овој член треба да се утврдат со мерења, и тоа само во случај на појава на пречки.

Член 34

Телевизискиот предавател мора да биде изработен така што да е можно дотерување на секој канал на оној фреквенциски опсег за кој е предвиден предавателот.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, предавателот може да биде предвиден да работи само во еден дел од фреквенцискиот опсег.

Член 35

Ако телевизискиот предавател е изработен врз принципот на меѓуфреквенцијата, потребно е за меѓуфреквенцијата на сликата да се земе првенствено вредноста од 38,9 MHz, а за меѓуфреквенцијата на тонот — од 33,4 MHz.

Член 36

За надворешно побудување, наместо основниот осцилатор, треба да се предвиди приклучок со влезна импеданца од 50 Ω. Побудувањето на предавателот мора да биде можно со напон чија најголема вредност е 1 V. Потребно е на телевизискиот предавател исто така да се назначи фреквенцијата на основниот осцилатор за каналот.

Член 37

Сите степени и водови во високофреквенцскиот дел треба да се сведени на номинална импеданца од 50 Ω.

Член 38

Телевизискиот предавател мора да биде електрично оклопен така што при поставувањето на поголем број предаватели еден покрај друг да не се јавуваат меѓусебни пречки.

Член 39

Времето за загревање потребно за да се постигнат техничките карактеристики предвидени со овој правилник, не смее да биде подолго од 30 минути.

Член 40

Стабилноста на работната фреквенција мора да биде поголема од 150 Hz во текот на еден месец.

Член 41

Точноста на дотерувањето на фреквенцијата на носителот мора да биде поголема од ±50 Hz. Уредот за точно дотерување на фреквенцијата мора да има скала, што дозволува точно дотерување.

Член 42

За мерење на телевизискиот предавател е потребна вештачка антена.

Номиналната вредност на отпорот на вештачката антена е 50 Ω. Во фреквенцискиот опсег на предавателот коефициентот на неприспособувањето мора да биде $s \geq 1{,}05$. Промената на коефициентот на неприспособувањето со фреквенцијата во работниот канал не смее да биде поголема од 0,02. Треба да се даде вредност на отпорот на вештачката антена до петтата хармонична фреквенција на предавателот, но не повеќе од 2000 MHz.

Изѕраченатa сила од вештачката антена мора да биде најмалку 50 dB под доведената сила. Како референца важи изѕраченатa сила на полубрановиот дипол во неговиот главен правец на зрачење, што се напојува со сила што е 50 dB помала од силата на предавателот.

Б. ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРЕДАВАТЕЛОТ ЗА СЛИКАТА

Член 43

При промена помеѓу белата и црната слика не смее излезната сила да се менува повеќе од 0,5 dB.

Член 44

Телевизискиот предавател за слика мора да биде изработен така што да работи без оштетување:

1) при отсуство на видео-сигнал (боја) на влезот во предавателот;

2) при отсуство на некои од компонентите на видео-сигналот (бојата);

3) кај попречуван видео-сигнал (бојата).

Член 45

Телевизискот предавател за слика треба да има инструмент за мерење на неприспособувањето, чија можност за читање кај $s = 1{,}05$ е еднаква или подобра од 0,02.

Член 46

Толеранцијата на фреквенцијата на телевизискиот сигнал мора да биде во согласност со член 17 од овој правилник.

Член 47

Средната сила на споредните зрачења на која и да било споредна фреквенција, а која се пренесува на антенскиот вод, мора да биде 60 dB под средната сила на носителот и не смее да ја преминува вредноста од:

1) 1 mW — за фреквенциски опсег I и III;

2) 20 mW — за фреквенциски опсег IV и V.

За предавателите што работат во фреквенциското подрачје UHF (IV/V опсег) комбинациските фреквенции на носителот на сликата и тонот, во горниот и долниот соседен канал, мораат да бидат 40 dB под носителот на сликата.

Паразитни осцилации во погонска состојба на предавателот не смеат да се забележат воопшто.

Член 48

Еквивалентната сила на зрачењето со затворена врата, со добро оклопена врата и со добро оклопена вештачка антена мора да биде во следните граници:

1) на основната фреквенција:

— 1 W — за предаватели чија сила е под 10 kW;

— 10 W — за предаватели чија сила е над 10 kW;

2) на споредната фреквенција:

— 1 mW — за предаватели во фреквенциски опсег I и III;

— 20 mW — за предаватели во фреквенциски опсег IV и V.

Член 49

Телевизискиот предавател за слика се модулира со позитивен сложен видео-сигнал (боја), чиј напон од врвот до врвот е 1 V, со односите на нивото и толеранциите според чл. 20 до 23.

Член 50

Импеданцата на видео-влезот изнесува 75 Ω, со повратно слабеење ≥ 30 dB за фреквенција до 5 MHz.

Член 51

Модулираниот радиофреквенциски сигнал на излезот мора да им одговара на карактеристиките од член 24 на овој правилник.

Вредностите на референтниот сигнал на бојата можат да се менуваат само во рамките на дозволените линеарни и нелинеарни изобличувања според одредбите од овој правилник.

Член 52

Линеарноста мора да се наоѓа внатре во толеранциите според сликата бр. 7.



Слика бр. 7

За фреквенција 4,43 MHz се разгледува линеарноста (диференцијално потсилување) во подрачјето 10% до 87,5% од врвниот напон (што им одговара на синхроимпулсите).

За другите фреквенции од 1 MHz до 4,5 MHz се разгледува линеарноста во подрачјето 10% до 75% од врвниот напон (што им одговара на синхроимпулсите).

Во телевизискиот предавател можат да бидат предвидени можности за корекција на линеарноста.

Член 53

Диференцијалната фаза на сигналот на бојата со модулацијата на предавателот на ниво помеѓу 10% и 87,5% од врвниот напон, при што референцата е фазен став на помошниот носител може максимално да изнесува ±3°.

Член 54

Кај модулација со синусни сигнали со фреквенции до 5 MHz и синхроимпулси, при константна влезна амплитуда (модулација од црно до бело кај 1,5 MHz) не смеат да се појават надвор од каналот бочни опсези од повисок ред, чија амплитуда е поголема од — 20 dB во однос на непотиснатата бочна амплитуда од 1,5 MHz.

Вредноста на амплитудата на носечката фреквенција при модулацијата со фреквенциите до 5 MHz не смее да се менува повеќе од 0,5 dB.

Член 55

Амплитудите на бочните компоненти мораат да се наоѓаат во рамките на толеранциите што се дадени во член 24 од овој правилник и на сликата бр. 8.

Δf (MHz)	Горна граничка вредност (dB)	Долна граничка вредност (dB)
−4,43	−30	—
VII −1,25	−20	—
−1,25 до −0,75	+0,5	—
−0,75	+0,5	−4
−0,5	+0,5	−1,5
0	+0,5	−0,5
+1,5	Референтна вредност	
+3 до +4,43	+0,5	−1
+5	+0,5	−2,5
+5 до +5,5	+0,5	—
VII +5,5	−20	—



Слика бр. 8

Толеранциите на амплитудата над — 1,25 MHz важат за кој и да било степен на модулација помеѓу нивото на црното и нивото на белото.

Толеранциите на амплитудата под — 1,25 MHz важат кај целосна модулација (10/75%).

Член 56

Вкупната видео-амплитудна-фреквенциска карактеристика, со произволни нивоа мора да се наоѓа внатре во толеранцијата според сликата бр. 9.

Член 57

Одзивот на телевизискиот предавател за слика на правоаголни импулси, чија фреквенција на повторување е помеѓу 15 kHz и 250 kHz а времето на подемот 100 ns, при промена на амплитудата на високофреквентниот сигнал од 55% на 75% и обратно, мора да лежи внатре во толеранциите дадени на сликата бр. 10.

Член 58

Телевизискиот предавател за слика мора да има дотерувачка корекција на групно доцнење, која дозволува да се коригира групното доцнење на предавателот и групното доцнење на приемникот врз основа на кривата линија на преткорекцијата на групното доцнење на приемникот од член 24 точка 16 од овој правилник.

Δf (MHz)	Горна граничка вредност (dB)	Долна граничка вредност (dB)
0 до 0,15	+1	-1
1,5	Референтна вредност	
3	+1	-1,5
4	+0,5	-2
4,5	0	-2,5
4,75	-1	-6
5,0	-2,5	-32,5



$f = f_S + \Delta f$

Слика бр. 9.

ВРЕМЕ (μs)	ГРАНИЦИ (%)
± 0,075	− 10
± 0,1	+ 11
± 0,2	± 7
±(0,4 ÷ 1,0)	± 5
±(0,4 ÷ 1,0)	±3 (4 MHz)



Слика бр. 10

Член 59

Наклонот на правоаголниот импулс, чија фреквенција на повторување е 50 Hz до 15 kHz при промена на амплитудата на високофрквенцискиот сигнал, во подрачје од 10% до 75% од врвниот напон, мора да биде внатре во границите од ±2% во однос на референтниот скок од црно до бело (10% до 75%).

Член 60

Кај испитни сигнали, на кои им одговараат светлите правоаголници на произволната широчина и височина на црното поле, на излезот на телевизискиот предавател не смеат да се забележат никакви промени на нивото на црното поле.

Член 61

Заштитата од туѓи напони, за вредностите од врвот до врвот, мора во однос на вредноста на видео-сигналот при полна модулација од нивото на црното до нивото на белото, да изнесува најмалку 40 dB, како кај белото така и кај црното ниво, со вклучен тонски предавател со произволна модулациска фреквенција и со девијација 50 kHz.

Член 62

Односот сигнал — шум мерен во однос на вредноста на видео-сигналот при полна модулација од нивото на црното до нивото на белото, преку тежинскиот филтер (филтер на пондерација), чија карактеристика е дадена на сликата бр. 11 и со инструментот чија ефективна временска константа на интеграција е 1 секунда, а ги мери ефективните вредности за подрачјето на фреквенцијата од 10 kHz до 5 MHz, мора да биде поголема од 56 dB, при што предавателот за тон е модулиран со сигнал чија фреквенција е произволна и со девијација од ±50 kHz.



Слика бр. 11

Член 63

Интермодулационите продукти што потекнуваат од носителот на сликата, носителот на тонот и модулацијата на сликата а паѓаат во каналот кај модулационите фреквенции од 5 MHz, со модулација на предавателот на сликата од 10% до 75%, земајќи ја за референтна амплитуда модулационата фреквенција од 1,5 MHz, не смеат да ги преминат вредностите дадени со кривата линија на сликата бр. 12.

Комбинираните осцилации што упаѓаат во каналот, мораат да бидат потиснати во однос на вредноста на видео-сигналот при полна модулација (10% до 75%) спрема кривата линија b на сликата бр. 12, мерено во врвни вредности.



Слика бр. 12

Фреквенција	Комбинирани осцилации (a)	Интермодулациони продукти (b)
MHz	dB	dB
0.....1	55	46
3,5	32	23
3, 9...4,9	50	41
5,0	40	31

Член 64

Заштитата од пречки на тонскиот сигнал поради паразитна аголна модулација, што потекнуваат од модулација на каналот за сликата со тонски фреквенции во опсег од 40 Hz до 20 kHz со модулација на носителот на сликата од 10% до 75%, треба да е поголема од 40 dB (мерено со псофометарски филтер), земајќи ја како референца девијацијата од ±50 kHz.

Член 65

Ако излезот од свртницата се затвори со мерен отпорник од 50 Ω, коефициентот на неприспособувањето на влезот во свртницата во подрачјето на фреквенцијата помеѓу —0,75 MHz до +5 MHz не смее да биде поголем од s = 1,1. Ова важи за произволната вредност на завршниот отпорник на приклучокот на предавателот за тон.

Член 66

На телевизискиот предавател за слика мораат да бидат предвидени високофреквенциски мерни места за:

1) степени на предавателот што работат на крајната фреквенција, чија сила е барем 200 W;
2) излез на излезниот степен на предавателот;
3) излез на свртницата.

Мерните места оптоварени со отпорник од 50 Ω мораат да дадат напон чија ефективна вредност е 1 V. Мерните места за мерен демодулатор обата бочни опсези оптоварени за 50 Ω мораат да дадат напон чија ефективна вредност е 10 V.

Приклучувањето на некој произволен отпорник на мерните места не смее да предизвика никакви штетни појави на телевизискиот предавател. На неоптовареният кабел напонот што ќе се појави може да биде најмногу 5 пати поголем од напонот на оптоварување од 50 Ω. Амплитудно — фреквенцискатa карактеристика на мерниот приклучок мора да биде таква што на мерниот отпорник од 50 Ω може да се добие напон чија фреквенциска зависност изнесува најмногу 1% MHz (во I фреквенциски опсег —2% MHz).

На излезот на предавателот се бара двоен насочен спрезник со карактеристична импеданца од 50 Ω, насоченост од 32 dB и спрега што ќе обезбеди напон, чија ефективна вредност е 1 V на оптоварениот директен излез од 50 Ω.

Член 67

Видео-фреквенциските мерни места на телевизиски предавател за слика мораат да постојат на следните точки;

1) на видео-фреквенциски влез;
2) на влезот во модулатор.

Сите мерни места мораат да имаат позитивна вредност на излезниот напон од врв до врв 1 V, на отпорникот од 75 Ω.

Амплитудно-фреквенциската карактеристика на мерните места не смее да премине вредност ±0,5 dB.

Преносните карактеристики на мерните места треба да им одговараат на чл. 52 и 53 од овој правилник. Ако тоа не е случај, кон телевизискиот предавател треба да се приложат податоци за линеаритетот и диференцијалната фаза.

Сите мерни места предвидени со одредбите од овој член, мораат да имаат приклучок тип UHF или BNC или да имаат премини на овој тип приклучоци.

Член 68

Телевизискиот предавател за слика треба да има инструмент за покажување на врвна сила. Влијанието на содржината на сликата врз покажувањето на овој инструмент, смее максимално да изнесува 1%.

VI. ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРЕДАВАТЕЛ ЗА ТОН

Член 69

Толеранцијата на фреквенцијата на телевизискиот сигнал за тон изнесува ±1000 Hz.

Член 70

Покрај инструментите потребни за дотерување, телевизискиот предавател за тон, чија излезна сила е еднаква или поголема од 1 kW, мора да има индикатори за:

1) излезна сила;
2) рефлектирана сила;
3) девијација на фреквенција.

Член 71

Телевизискиот предавател за тон мора да биде изработен така што да дава номинална излезна сила при оптоварување од 50 Ω, при степен на неприспособување s = 1,3.

Предавателот со вградена заштита мора автоматски да се исклучува ако степенот на неприспособување е поголем од 1,5.

Член 72

На излезниот степен на предавателот мора да постои мерен радиофреквенциски приклучок со излезен напон чија ефективна вредност е од 3 до 5 V.

Мерниот радиофреквенциски приклучок мора да има приклучок тип N или премин на овој тип приклучок.

Член 73

Средната сила на споредните зрачења на која и да било хармонична или споредна фреквенција мерена во отсуство на модулацијата, а која се пренесува на антенскиот вод, мора да биде 60 dB под средната сила на работната фреквенција и не

смее да преминува вредност од 1 mW за подрачје VHF, односно 20 mW за подрачје UHF.

Член 74

Девијацијата на фреквенцијата на носечкиот сигнал, произведена на модулаторот на телевизискиот предавател за тон, не смее при исто влезно ниво на модулациониот сигнал да отстапува повеќе од 5% во текот на работата на предавателот.

Член 75

Напонот на влезниот тонски сигнал со фреквенција од 1000 Hz и амплитуда 1,55 V мора да даде девијација на фреквенцијата номинално ±30 kHz.

Член 76

Влезната импеданца на модулаторот со симетричен приклучок, мора да биде во фреквенциското подрачје на преносениот модулационен сигнал еднаква или поголема од 2000 Ω.

Член 77

На влезот во модулаторот мора да постои влезен ослабувач.

Влезниот ослабувач на модулаторот треба да има можност за грубо дотерување на напонот од член 75 на овој правилник во степени по 1dB, и тоа од —6 dB до +6 dB.

Влезниот ослабувач на модулаторот мора да биде во нормална експлоатација дотеран така што за влезното ниво +6 dBm девијацијата да не премине вредност од ± 30 kHz.

Член 78

Телевизискиот предавател за тон мора да има коло за истакнување на високи тонски фреквенции, чија карактеристика е дадена на сликата бр. 13, и можност за негово исклучување.

Член 79

Амплитудно-фреквенциската карактеристика со исклучено коло за истакнување на високи тонски фреквенции, мора да биде во целото фреквенциско подрачје од 40 Hz до 15 kHz внатре во ±1 dB, референтно на 1 kHz, кај девијација од ±50 kHz.



Слика бр. 13

Член 80

Вкупниот коефициент на хармоничните изобличувања на тонскиот сигнал во модулиран носечки сигнал на излезот со исклучено коло за истакнување на високи тонски фреквенции, во фреквенциското подрачје од 40 Hz до 15 kHz и при девијација на фреквенцијата ± 50 kHz, не смее да биде поголемо од 1% а при девијација од ± 75 kHz, не смее да биде двојно поголем од измерената вредност при девијација од ± 50 kHz.

Член 81

Максимално дозволените интермодулациони изобличувања на модулациониот сигнал во модулираниот носечки сигнал на излезот со исклучено коло за истакнување на високи тонски фреквенции, во опсегот на фреквенција од 40 Hz до 15 kHz и девијација од ±50 kHz, не смеат да бидат поголеми од 0,6% за изобличувања од втор ред (d_2), односно поголеми од 1% за изобличувања од трет ред (d_3), а при девијација од ± 70 kHz — не смеат да бидат двојно поголеми од измерените вредности при девијација од ±50 kHz.

Член 82

Потиснувањето на сигналот на пречка на телевизиски предавател за тон со вклучен коло за истакнување на високи тонски фреквенции, поради паразитна фреквенциска модулација во однос на корисниот тонски сигнал со фреквенција од 1000 Hz, што дава девијација на фреквенцијата на носечкиот сигнал од ±30 kHz, треба да е поголема од 50 dB (непондерирано).

Член 83

Потиснувањето на шумот, со вклучено коло за истакнување на високи тонски фреквенции, поради паразитна фреквенциска модулација во однос на корисниот тонски сигнал со фреквенција од 1000 Hz, што дава девијација на фреквенција од ±30 kHz, треба да е поголемо од 60 dB (пондерирано).

Член 84

Потиснувањето на сигналот на пречка со вклучено коло за истакнување на високи тонски фреквенции, поради паразитна амплитудна модулација на носечкиот сигнал во однос на 100% амплитудна модулација, мора да биде поголемо од 46 dB.

Член 85

Потиснувањето на синхрона амплитудна модулација, со вклучено коло за истакнување на високи тонски фреквенции, при модулација на носечкиот сигнал со корисниот тонски сигнал на фреквенцијата од 1000 Hz и девијација на фреквенцијата на носечкиот сигнал од ± 30 kHz, мора во однос на 100% амплитудна модулација да биде поголемо од 34 dB.

VI. ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРЕТВОРАЧИ

А. Заеднички одредби

Член 86

Во радиофузијата за потребите на телевизија можат да се користат телевизиски претворачи со сила еднаква или поголема од 0,5 W и минијатурни телевизиски претворачи со сила помала од 0,5 W.

Член 87

Претворачите мораат да бидат изработени така што да даваат номинална изѕрачена сила при оптоварување од 50 Ω со допуштен степен на неприспособување $s = 1{,}2$. За степенот на неприспособувањето $s \geq 1{,}2$ претворачите не смеат да бидат оштетени.

Член 88

Подрачјето на влезниот напон изнесува 0,5 mV до 10 mV на 50 Ω.

Член 89

Никаков дефект не смее да настапи на претворачот ако дојде до каква и да било грешка на предавателот или на претворачот што емитува сигнал за напојување. При воспоставување на нормална состојба, претворачот мора до биде пак способен за работа.

Член 90

Силата на споредните зрачења на паразитните фреквенции не смее да биде забележлива.

Член 91

Факторот на шумот на претворачот, кај влезните сигнали 2 mV, мора да биде:

1) ≤ 9 dB — кога влезниот дел се наоѓа во фреквенциокиот опсег I и III;

2) ≤ 10,7 dB — кога влезниот дел се наоѓа во фреквенциокиот опсег IV и V.

Кај поголеми влезни сигнали односот сигнал — шум (S/N) не смее да се влоши во однос на вредноста сигнал — шум кај 2 mV на влезниот сигнал.

Член 92

Претворачите мораат да бидат изработени така што да ги задоволуваат техничките карактеристики пропишани со овој правилник и во следните работни услови:

1) отстапувањето на фреквенцијата на мрежата да биде ±2% од номиналната вредност (50 Hz);

2) температурата на амбиентот да биде од +5° до + 45°C;

3) температурата на амбиентот за „посебно изработени" претворачи да биде од —35° до +45°C;

4) надморската височина да биде до 2500 m;

5) релативната влажност во работната просторија да биде до 90%.

Член 93

Радиопречките на водовите на напојувањето мораат да се наоѓаат во границите предвидени со југословенскиот стандард JUS N.NO.900 (степен на пречки K).

Член 94

Минималното растојание помеѓу приемниот и предавателниот канал изнесува 1 канал. Можен е прием на канал на 1 фреквенциски опсег а предавање на канал на друг фреквенциски опсег.

Член 95

На претворачите мора да постои можност за исклучување на автоматската регулација на потсилувањето и можност во тој случај регулацијата да се врши рачно.

Б. Технички карактеристики на телевизиски претворачи

Член 96

Промената на фреквенцијата мора да биде изведена врз принципот на меѓуфреквенција. За меѓуфреквенција на сликата стандардна вредност е 38,9 MHz.

Во случај на неповолни комбинации на канали, може да се употребува за меѓуфреквенција на сликата и вредност 45,9 MHz.

Член 97

При исчезнување на влезниот сигнал, излезната сила мора да биде најмалку 20 dB пониска од номиналната сила.

Ако исчезнувањето на влезниот сигнал трае ≤ 3 минути, уредот не смее да се исклучи.

Критериумот за автоматско испитување на телевизиски претворач мора да овозможи дотерување во границите на влезниот сигнал од 0,5 mV — 5 mV.

Член 98

Техничките карактеристики мораат да бидат исполнети кога помеѓу излезот и влезот на претворачот постои задушување ≥ 50 dB.

Ефективната вредност на повратниот напон од која и да било фаза на влезот не смее да премине 0,5 V. Мерењето се врши со влезниот напон чија ефективна вредност е 2 mV.

Член 99

Телевизиските претворачи до 10 W за надворешна монтажа мораат да бидат во куќиште, во кое ќе бидат заштитени од дожд, снег, инсекти и кондензати.

Кај телевизиските претворачи за надворешна монтажа приемникот и меѓуфреквенциокиот потсилувач можат да бидат одвоени од излезниот степен.

Член 100

Телевизиокиот претворач мора да има несиметричен влез со импеданца 50 Ω, со коаксијален приклучок 4,1/9,5 или 7/16.

Телевизиокиот претворач мора да има несиметричен излез со импеданца 50 Ω, со коаксијален приклучок 4,1/9,5, 7/16 или 13/30.

Член 101

Телевизиокиот претворач во својот склоп мора да има стабилизатор на мрежниот напон.

Силата на стабилизаторот на мрежниот напон мора да биде определена така што коефициентот на хармоничните изобличувања да е помал од 10%.

Брзината на регулацијата за промени на напонот од +10% до —30% мора да биде поголема од 10% од мрежниот називен напон во една секунда.

Излезната сила (важи за претворачи до излезна сила до 100 W) за промени на напонот од +10% до — 30%, при вклучен стабилизатор на мрежниот напон, не смее да се промени за повеќе од ± 0,05 dB во однос на номиналната излезна сила.

За претворачите со излезна сила над 100 W при промена на напонот од +10% до —30% не смеат да се менуваат техничките карактеристики (освен на излезната сила).

Член 102

Буката што ја произведува телевизиокиот претворач на височина од 1 m и на оддалеченост 1 m од челото на уредот не смее да ја премине вредноста од 70 dB/B.

Член 103

Кај телевизиските претворачи за IV и V фреквенциски опсег мора да биде предвиден довод на надворешни осцилатори.

Нивото на напонот на побудните сигнали мора да биде ≤ 1 V, а фреквенцијата на овој напон помала од 150 MHz.

Член 104

Стабилноста на фреквенцијата на осцилаторите шест месеци по пуштањето во работа изнесува ± 350 Hz за период од шест месеци.

Член 105

Толернацијата на фреквенцијата на телевизиските претворачи за работи без поместување на фреквенциите е:

1) 100×10^{-6}, односно 100 Hz/MHz — за фреквенции под 100 MHz и средна сила 50 W или помала;

2) 100×10^{-6}, односно 100 Hz/MHz — за фреквенции над 100 MHz и средна сила 100 W или помала;

3) 1000 Hz — за фреквенции под 100 MHz и средна сила поголема од 50 W;

4) 1000 Hz — за фреквенции над 100 MHz и средна сила поголема од 100 W.

Толеранцијата на фреквенцијата на телевизиските претворачи за работа со нормално поместување мора да биде во согласност со вредностите од член 17 на овој правилник.

Член 106

Корекција на фреквенцијата мора да биде овозможена континуирано. Уредот за корекција на фреквенцијата мора да биде лесно пристапен и корекцијата мора да биде видлива на скалата. Подрачјето на корекцијата на фреквенцијата мора да изнесува најмалку $\pm 5 \times 10^{-6}$ fosc.

Член 107

Пред првиот активен елемент мора да се вгради филтер со карактеристиките дадени во табелата бр. 3.

Член 108

Влезниот сигнал на пречка на меѓуфреквенцијата со јачина ≤ 1 V и на симетричната фреквенција со јачина ≤ 0,1 V не смее да произведе поголем сигнал на излезот од сигналот што се добива со влезниот сигнал од 0,5 mV.

Табела бр. 3

f_0 — прием на фреквенција	Потиснување во опсегот I и III	Потиснување во опсегот IV/V
f_0 + 14 MHz f_0 — 9 MHz	≥ 16 dB	
f_0 + 16 MHz f_0 — 11 MHz		≥ 20 dB
f_0 + 28 MHz f_0 — 23 MHz	≥ 36 dB	
f_0 + 32 MHz f_0 — 27 MHz		≥ 42 dB

Член 109

Промените на излезната сила, предизвикана од промени на влезниот напон од 2 mV за ± 12 dB, мораат да останат во границите од ± 1 dB.

Временскиот одзив на автоматската регулација на потсилувањето за скок на напонот од ±6 dB на влезот треба да е помал од 1 секунда.

Автоматската регулација на потсилувањето на телевизиските претворачи се врши во однос на синхроимпулсот на телевизискиот сигнал и мора да биде независна од содржината на сликата.

Член 110

При преминувањето од црна на бела слика не смее врвната сила да се менува повеќе од 0,5 dB.

Член 111

Средната сила на споредните зрачења на телевизиските претворачи на која и да било хармонична фреквенција, освен на фреквенциите на мешањето, мора да биде во следните граници:

1) за фреквенциски опсег I и III според табелата бр. 4 (растојанието во dB се однесува на вредноста на максималната сила):

Табела бр. 4

$P_{излезна}$	> 500 mW ≤ 10 W	> 10 W ≤ 1 kW	> 1 kW
$P_{спор. зрач.}$	≤ 25 μW	≥ 60 dB	≤ 1 mW

2) за фреквенцискиот опсег IV/V — 40 dB и да не премине вредност од 1 mW.

Влезните нивоа се дадени на сликата бр. 14.

Член 112

Средната сила на споредните зрачења со фреквенции на мешање мора да биде помала за 60 dB од максималната сила на телевизискиот претворач и не смее да ја премине вредноста од 1 μW.

Граничните вредности од став 1 на овој член не важат за фреквенциите на мешање во горниот и долниот соседен канал. За овие фреквенции важат граничните вредности од член 111 на овој правилник.

Влезните нивоа се дадени на сликата бр. 14.

Член 113

Јачината на полето со приклучена приемна антена на ТВ претворачот, што е оптоварена со добро оклопена вештачка антена во однос на јачината на полето на ТВ претворачот во нормалната погонска состојба мора да биде помала за:

1) 40 dB — на основната фреквенција;

2) 50 dB — на споредните фреквенции.

Член 114

На антенскиот влез оптоварен со номинален отпор од 50 Ω не смее да има од која и да било фреквенција на осцилаторот напон на пречки поголем од:

1) 20 μV за фреквенциски опсези I и III;

2) 200 μV за фреквенциски опсези IV/V.

Член 115

Со приклучен влезен сигнал сигналот на пречката на влезот предизвикан од внатрешни спреги во претворачот смее да изнесува:

1) 20 μV влезниот дел се наоѓа во фреквенциското подрачје I и III;

2) 100 μV кога влезниот дел се наоѓа во фреквенцискиот опсег IV/V.

Член 116

Потиснувањето на продуктот на крстосана модулација или меѓуфреквенциски продукти на пречки во фреквенциското подрачје f_s — 0,75 MHz до +5,75 MHz мора да биде 54 dB за бочните компоненти помеѓу f_s — 0,75 MHz до f_s + 5,00 MHz,при што f_s ја означува фреквенцијата на носителот на сликата.

Граничните вредности од став 1 на овој член важат за немодулираните сигнали на влезот чии нивоа се наведени на сликата бр. 14.

Член 117

На излезот е дозволена максимална промена на амплитудата на синхроимпулсот од 3% во однос на синхровредноста.



Нивоа на влезот на ТВ претворачот (dB)

Чл.	111 112 139 140	116 141	118 143	120
f_s	0	—8	0 ... —20	—3/—20
f_t	—10	—10	—10	—10
f_B	/	—16	—32	—32

f_s — фреквенција на носителот на сликата
f_t — фреквенција на носителот на тонот
f_B — фреквенција на бочната компонента

Нивото нула dB ѝ одговара на номиналната сила на ТВ претворачот

Ако поради преоптоварување не е можно да се примени ниво од нула dB, мерењето се врши со — 3 dB, и во тој случај мерните резултати треба да се зголемат за + 3 dB.

Слика бр. 14

Член 118

Линеарноста не смее да биде полоша од 0,95. Линеарноста на телевизискиот претворач се разгледува за фреквенции до 5 MHz.

Граничните вредности од став 1 на овој член важат при немодулирани сигнали на влезот чии нивоа се наведени на сликата бр. 14.

Член 119

Диференцијалната фаза на сигналот на бојата, при што референцата е фазен став на помошниот носител, може максимално да изнесува 3°, а со модулацијата на предавателот од 10% — 75% од врвниот VF напон.

Член 120

Вкупната амплитудно-фреквенциска карактеристика на телевизиските претворачи за опсег на фреквенциите I и III мора да лежи внатре во толеранциите според сликата бр. 15, а за опсегот на фреквенциите IV и V — според сликата бр. 16.

Толеранциите од став 1 на овој член важат при немодулирани сигнали на влезот чии нивоа се наведени на сликата бр. 14.

Член 121

Разликите во групното доцнење не смеат во фреквенцискиот опсег од f_s до + 5 MHz да ја пречекорат вредноста од ± 50 ns, во однос на вредноста кај носителот на сликата.

Во фреквенцискиот опсег f_s — 0,75 MHz е дозволено зголемување на ± 100 ns.

Член 122

Граничните вредности од чл. 120 и 121 од овој правилник важат и за сите влезни напони од член 88 на овој правилник.

Член 123

Влошувањето на наклонот на правоаголниот напон од 50 Hz не смее да биде поголемо од 1% во однос на скокот на амплитудата од 10% до 75%.

Член 124

Вредноста на туѓи напони од врв до врв во однос на вредноста на видео-сигналот при полна модулација од нивото на црното до нивото на белото смее да изнесува најмалку 40 dB.

Член 125

Потиснувањето на сигналот на пречки на носителот на тонот поради паразитна фреквенциска модулација во однос на корисниот тонски сигнал на фреквенција од 1000 Hz, што дава девијација на фреквенцијата на носечкиот сигнал од 30 kHz, треба да е ≥ 46 dB.

Член 126

Потиснувањето на шумот поради паразитна фреквенциска модулација во однос на корисниот тонски сигнал на фреквенција од 1000 Hz, што дава девијација ± 30 kHz фреквенција на носечкиот сигнал, треба да е ≥ од 58 dB.



Опсег на фреквенција I и III

Слика бр. 15



Опсег на фреквенција IV и V

Слика бр. 16

Член 127

Со помош на вградените инструменти мора да постои можност за контрола на следните работни вредности на телевизиските претворачи и тоа:

1) сите важни работни напони и струи на цевките и транзисторите;

2) напон на осцилаторите;

3) нивоата на излезот.

Во погонската состојба мора да биде индицирана работата на термостатот.

Член 128

На телевизискиот претворач мора да биде предвидено радио-фреквенциското мерно место за мерење на нивото на излезниот сигнал. Мерниот приклучок оптоварен со отпорник од 50 Ω мора да ги даде следните напони:

1) ТВ претворач со излезна сила до 10 W 0,1-0,2 V;
2) ТВ претворач со излезна сила 10 W 1-1,5 V.

Отстапувањето на амплитудно-фреквенциската карактеристика на мерниот приклучок не смее да ја пречекори вредноста од 1% по MHz во работниот канал.

Високофреквенциското мерно место има коаксијален приклучок SNB, BNC или 4,1/9,5.

Член 129

Осцилаторот мора да биде од таква конструкција што да овозможува мерење на фреквенцијата и напонот на осцилаторот. Мерниот излез мора да има напон ≥ 100 mV на 50 Ω.

Б. Технички карактеристики на минијатурни телевизиски претворачи

Член 130

Промената на фреквенцијата кај минијатурни телевизиски претворачи може да се оствари врз принципот на меѓуфреквенција со стандардната вредност пропишана во член 96 од овој правилник, или со директно претворање.

Член 131

Техничките карактеристики на минијатурни телевизиски претворачи мораат да бидат исполнети кога помеѓу излезот и влезот постои задушување ≥ 50 dB.

Член 132

Минијатурните телевизиски претворачи за надворешна монтажа мораат да бидат во куќиште во кое ќе бидат заштитени од дожд, снег, кондензати и инсекти.

Член 133

Минијатурниот телевизиски претворач мора да има несиметричен влез на импеданца 50 Ω, со коаксијален приклучок тип BNC или 4,1/9,5.

Член 134

За промена на мрежниот напон од + 10% до — 15% се дозволува промена на излезната сила од ± 1 dB во однос на номиналната сила.

Член 135

Отстапувањето на работната фреквенција на минијатурните телевизиски претворачи мора да биде пододбро од 100 Hz на 1 MHz.

Член 136

Подрачјето на влезниот напон на минијатурниот телевизиски претворач изнесува 0,5 mV до 10 mV на 50 Ω.

Член 137

Промената на врвната сила на минијатурниот телевизиски претворач, предизвикана од промени на влезниот напон од 2 mV за ± 6 dB, мора да остане во границите од ± 1 dB.

Член 138

При преминување од црна на бела слика, не смее врвната сила да се менува за повеќе од 1 dB.

Член 139

Средната сила на споредните зрачења на која и да било хармонична фреквенција мора да биде потисната за повеќе од 40 dB, или помала од 25 μW.

Влезните нивоа се дадени на сликата бр. 14.

Член 140

Силата на споредните зрачења на фреквенциите на мешањето мора да биде потисната за повеќе од 54 dB.

Влезните нивоа се дадени на сликата бр. 14.

Член 141

Потиснувањето на продуктот на крстосаната модулација или меѓуфреквенциските продукти на пречки во фреквенциското подрачје f_s — 0,75 MHz до + 5,75 MHz мора да биде ≥ 50 dB за бочните компоненти помеѓу f_s — 0,75 MHz до + 5,75 MHz.

Граничните вредности на став 1 од овој член важат за немодулирани сигнали на влезот чии нивоа се наведени на сликата бр. 14.

Член 142

На излезот е дозволена максимална промена на амплитудата на синхроимпулсот од 5% во однос на синхровредноста.

Член 143

Линеарноста не смее да ја пречекори вредноста 0,9. Линеарноста на претворачот се набљудува за фреквенции до 5 MHz во подрачје 10%—75% од врвниот напон.

Граничните вредности од став 1 на овој член важат при немодулирани сигнали на влезот чии нивоа се наведени на сликата бр. 14.

Член 144

Амплитудно-фреквенциската карактеристика во фреквенцискиот опсег f_s — 0,75 MHz до + 5,75 MHz мора да биде во габарит од ± 3 dB.

Член 145

Разликите во групното доцнење не смеат во фреквенцискиот опсег од f_s — 0,75 MHz до 5 MHz да ја пречекорат вредноста од ± 100 ns.

Член 146

Граничните вредности од чл. 143, 144 и 145 од овој правилник важат и за влезните нивоа од 0,5 mV до 10mV и со вклучена автоматска регулација на потсилувањето.

VII. УТВРДУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРЕДАВАТЕЛИ И ПРЕТВОРАЧИ

Член 147

Утврдувањето на техничките карактеристики на телевизиските предаватели и претворачи определени со овој правилник се врши со мерни методи што се пропишани со акти за југословенските стандарди.

VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 148

Одредбите од овој правилник нема да се применуваат врз оние телевизиски предаватели и претворачи на кои дозволата за поставување или дозволата

за работа е издадена пред влегувањето во сила на овој правилник.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, ако телевизиските предаватели и претворачи на кои дозволата за поставување или дозволата за работата е издадена пред денот на влегувањето во сила на овој правилник создаваат пречки во радиосообраќајот, нивните технички карактеристики во поглед на радиопречки мораат да се доведат во согласност со одредбите од овој правилник во рок од 6 месеци, од денот кога ќе се утврди дека телевизискиот предавател или претворач создава пречки.

Член 149

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1395/2
7 декември 1977 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
Божидар
Димитриевиќ, с. р.

По извршеното споредување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Наредбата за видот на семето што мора да биде подложено на дезинфекција пред пуштањето во промет или пред употребата за сопствено производство, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 4/78, се поткрала долунаведената грешка, па се дава

ИСПРАВКА

НА НАРЕДБАТА ЗА ВИДОТ НА СЕМЕТО ШТО МОРА ДА БИДЕ ПОДЛОЖЕНО НА ДЕЗИНФЕКЦИЈА ПРЕД ПУШТАЊЕТО ВО ПРОМЕТ ИЛИ ПРЕД УПОТРЕБАТА ЗА СОПСТВЕНО ПРОИЗВОДСТВО

Во точка 1 став 1 зборот: „соја," треба да се брише.

Од Сојузниот комитет за земјоделство, Белград, 3 февруари 1978 година.

СОДРЖИНА:

Страна

121. Уредба за изведување инвестициони работи во странство — — — — — — — 173
122. Уредба за долгорочна производствена кооперација, деловно-техничка соработка и за прибавување и отстапување материјално право на технологија помеѓу организациите на здружен труд и странски лица — — — — — — — — — — 180
123. Уредба за измена и дополнение на Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на сојузните органи на управата и на сојузните организации им се признаваат во материјални трошоци — — — — — — — 184
124. Одлука за измена на Одлуката за зголемување на средствата за лични доходи за определени работни места во органите на федерацијата — — — — — — — 184
125. Одлука за показателите за искажување на резултатите од трудот на работниците и од работењето на основна организација на здружен труд — — — — — — — — 184
126. Одлука за максимално допуштените концентрации на радио-нуклиди и опасни материи во меѓурепубличките водотеци, меѓудржавните води и водите на крајбрежното море на Југославија — — — 185
127. Одлука за утврдување на рамковните услови за организиран настап на домашни лица на странскиот финансиски пазар — 187
128. Одлука за определување што е потребно и во поголем обем вршење работи на надворешнотрговскиот промет во смисла на член 8 став 1 од Законот за прометот на стоки и услуги во странство — — 188
129. Одлука за податоците што се должни да ги обезбедат во своето книговодство организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства во кои вложиле средства странски лица — 188
130. Одлука за податоците што организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства се должни да ги обезбедат во своето книговодство за мешовитите претпријатија во странство — 189
131. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за примена на даночните стапки и за начинот на водење евиденција, пресметување и плаќање на данокот на промет на производи и услуги — 191
132. Наредба за дополнение на Наредбата за определување на посебните капацитети и инвестиционата опрема при чија изградба или набавка на вложените парични средства на Југословенската народна армија даноци и други давачки можат да се воведуваат само со сојузен закон — — 192
133. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Die Welt" — — 193
134. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на списанието „Newsweek — 193
135. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Financial Times" — — — — — — — — — — 193
136. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Daily Mirror" — 193
137. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Il Piccolo" — 194
138. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Süddeutsche Zeitung" — — — — — — — — — — 194
139. Правилник за образецот на легитимацијата на сојузен граничен инспектор за заштита на растенијата — — — — — 194
140. Правилник за образецот на легитимацијата на сојузен граничен ветеринарски инспектор — — — — — — — — — 196
141. Правилник за образецот на легитимацијата на сојузен ветеринарски инспектор — 198
142. Правилник за образецот на уверението за здравствената состојба на животните — 200
143. Правилник за техничките и експлоатационите услови под кои можат да се користат радиодифузни станици за емисии на црно-бела телевизија и телевизија во боја — — — — — — — — — — 201

Исправка на Наредбата за видот на семето што мора да биде подложено на дезинфекција пред пуштањето во промет или пред употребата за сопствено производство — 220

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.